2022

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ЗА 2022 ГОДИНА

7 РЕЗИМЕ

8 ПОСТАВЕНОСТ, ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
8 Законска рамка
9 Членови на КСЗД
10 Стручна служба

12 СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
12 Претставки и постапки за заштита од дискриминација по службена должност
13 Демографски податоци за подносителите на претставки
16 Пријавени области на дискриминација
20 Пријавени основи на дискриминација
25 Одлучување на Комисијата по претставки и поведени постапки за заштита од дискриминација по службена должност
26 Утврдена дискриминација во 2022 година
27 Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2022 година
28 Области на дискриминација во случаите утврдени во 2022 година
29 Дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми
31 Дискриминација во областа на работата и работните односи
32 Дискриминација во областа на пристапот до добра и услуги
33 Дискриминација во областа на образование, наука и спорт
34 Дискриминација во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита
35 Случаи на дискриминација утврдена во две области
36 Општи препораки
36 Општа препорака со која се препорачува на локалната самоуправа да обезбеди еднаков пристап до вода до сите граѓани со особен фокус на ромската етничка заедница
37 Општа препорака за отстранување на сегрегација во основното образование со особен фокус на ученици Роми, на начин што доследно ќе се почитуваат актите за реонизација во општините при запишување на учениците во основните училишта.

# СОДРЖИНА


38 Статус на исполнување на препораките на комисијата
38 Барања за покренување на прекршочна постапка
39 Стручни мислења
39 Стручно мислење за користена терминологија во материјал за формално образование, подготвено поглавје од учебник Детска стоматологија, со наслов Стоматолошка заштита на деца со попреченост
40 Стручно мислење по предлог-Законот за административните службеници поставен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) – месец октомври 2022 година
41 Учество на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како „пријател на судот“ (amicus curiae) во судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis)

42 РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
42 6-та регионална конференција на телата за еднаквост на Југоисточна Европа
43 Придонес во консултациите на Европската комисија за стандардите за телата за еднаквост
43 Меѓународно известување и застапување
44 Придонес кон 4-иот извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.
44 Отворени денови на КСЗД на тема еднаквост и недискриминација
44 Соработка со други институции и организации и меѓународна соработка
46 Јакнење на капацитетите на КСЗД

48 ПРИСУСТВО НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ

50 БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

52 ПРИЛОЗИ
Прилог 1: Табеларен преглед на случаите на утврдена дискриминација според областите, видовите и основите на дискриминација
Прилог 2: Издвоени случаи од праксата
Прилог 3: Завршна сметка

# РЕЗИМЕ

Овој извештај ги презентира постигнувањата и реализираните активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во 2022 година.

Во втората година од своето основање КСЗД продолжи да се етаблира како стручен, самостоен и независен орган и релевантен, кредибилен и респектабилен чинител во македонското општество во борбата против нееднаквоста и елиминација на сите видови дискриминација.

Граѓаните и организациите продолжија во уште поголем обем да поднесуваат претставки до КСЗД барајќи заштита од дискриминација во сите области на општественото живеење. Заклучно со 31 декември, во 2022 година поднесени се **248** претставки, а дополнително поведени се и **7** постапки за заштита од дискриминација по службена должност. Утврдена е дискриминација во **70** случаи од кои **23** случаи како потешки облици, односно повеќекратна, повторена, продолжена и интерсекциска дискриминација. Комисијата донесе и две општи препораки од областа на еднаквоста и недискриминацијата. Исто така, донесени се и две стручни мислења, од кои едното е за користена терминологија во материјал за формално образование, и второто за предлог на закон.

Во случаите на утврдена дискриминација во 2022 година констатирана е повреда на правото на еднаквост врз **22** различни основи (сите освен основата „државјанство“) и тоа во следните области:

- **37** во јавното информирање и медиуми
- **15** во работата и работните односи
- **10** во пристапот до добра и услуги
- **6** во образованието
- **2** во здравствено осигурување и здравствена заштита
- **1** во спортот
- **1** во дејствување на здруженија, фондации или други организации засновани на членство

Заради непостапување по препораките на Комисијата поднесени се **14** барања за поведување на прекршочни постапки против утврдени дискриминатори, од кои за **9** судовите поведе прекршочни постапки. Во 2022 година донесена е и првата пресуда со која судот казни дискриминатор по барање поднесено од КСЗД.

Во извештајниот период, Граѓанскиот суд во Скопје донесе првостепена пресуда по тужба од јавен интерес во која се утврди дискриминација кон лицата со попреченост во пристап до и во избирачките места. Ова е првата судска постапка во која Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го употреби институтот „пријател на судот“ (amicus curiae) и даде свој придонес во постапката.

Годишниот извештај на КСЗД за 2022 година дава приказ и за статусот, раководството, надлежноста и организационата структура на Комисијата, реализираните активности за подобрување на квалитетот во работењето, остварената соработка со други институции и организации од земјата и од странство.

# ПОСТАВЕНОСТ, ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА

## Законска рамка

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се основа со Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ бр. 258/2020, од 24 октомври 2020 година) како самостоен и независен орган и има својство на правно лице. Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД доби нови и проширени надлежности во однос на работата и надлежностите кои беа предвидени со претходниот Закон за заштита од дискриминација кој е вон сила.

Во членот 21 од Законот се утврдени следните надлежности на КСЗД:

- презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата;
- следи спроведување на законот и да дава свои мислења и препораки;
- промовира принцип на еднаквост, право на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација;
- придонесува во изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование
- изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата;
- дава општи препораки за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и го следи нивното спроведување;
- се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување;
- придонесува при изготвувањето на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки;
- промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права
- иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација
- дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација;
- воспоставува соработката со физички и правни лица, како и со здруженија, фондации, социјални партнери за остварување на принципот на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштитата од дискриминација
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни и регионални организации на полето на заштита од дискриминација;

• постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација;
• поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност
• дава информации на заинтересираното лице за своите права и можности за покренување на судска или друга постапка
• го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација се до исполнување на препораките дадени од КСЗД
• се јавува како замешувач во судски постапки
• може да дејствува како пријател на судот (amicus curiae);
• за својата работа КСЗД квартално ја информира јавноста за случаите на дискриминација, ги споделува своите мислења и препораки на јавноста преку кој било медиум;
• КСЗД има можност да формира советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања, да прибира и објавува статистички и други податоци и формира бази на податоци поврзани со спречување и унапредување на заштитата од дискриминација;
• КСЗД за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија и има обврска сите извештаи, вклучително и финансискиот извештај да ги објавува на интернет страницата на КСЗД.

## Членови на КСЗД

КСЗД е составена од седум членови кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија и имаат статус на именувани лица кои функцијата ја извршуваат професионално, неспоиво со извршување на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија. Членовите се избираат во транспарентна постапка која вклучува јавен оглас објавен од Собранието и задолжително спроведување на јавна расправа. Исклучително важно да се истакне е критериумот за избор на член на КСЗД утврден во законот кој бара минимум седум години работно искуство од областа на човековите права од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација, со што се гарантира професионалноста на членовите на комисијата и ја намалува можноста за влијанија и арбитрарност во изборот на членовите.

Членовите на КСЗД се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен повторен избор. При изборот на првиот состав на Комисијата четири членови се избираат со мандат од пет години, а тројца членови со мандат од три години. Од редот на членовите Комисијата избира претседател со мандат од една година, без право на повторен избор.
Моменталниот состав на Комисијата е избран на 25.01.2021 година и брои само пет члена, бидејќи и во текот на 2022 година еден член поднесе оставка од лични причини, по оставката што ја поднесе една членка во 2021 година. Во услови на с поголемата присутност и видливост на КСЗД во македонското демократско општество и значително зголемениот број на примени предмети за заштита од дискриминација во 2022 година, оваа состојба сериозно го усложнува нормалното функционирање, но исто така создава ризици од пролонгирање на роковите за одлучување и намалување на ефикасноста во работењето на КСЗД во целина.

Составот на КСЗД го одразува мултиетничкиот карактер на РС Македонија, но со пет члена од кои само една е жена за жал не е родово балансиран. Три члена на Комисијата се со мандат од пет години и два члена со мандат од три години.

## Стручна служба

За вршење на стручните, административните и техничките работи на Комисијата се формира стручна служба. Вработените во стручната служба имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите во согласност со Законот за административни службеници. Со стручната служба раководи Генерален секретар кој го назначува КСЗД.

Врз основа на извршена функционална анализа донесени и во примена се Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места на Стручната служба, со кои е утврдена следната организациона поставеност:

1. **Сектор за административно-финансиска поддршка**
   - 1.1. Одделение за општи и правни работи
   - 1.2. Одделение за односи со јавноста
   - 1.3. Одделение за финансиски прашања

2. **Сектор за спречување и заштита од дискриминација**
   - 2.1. Одделение за заштита од дискриминација
   - 2.2. Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принципот на еднаквост

3. **Сектор за аналитика, меѓу институционална национална соработка и меѓународна соработка**
   - 3.1. Одделение за меѓународна соработка и соработка со институции и граѓански организации
   - 3.2. Одделение за истражувања и анализи

Графичкиот приказ на организациската структура е даден на Слика 1.




*Слика 1*

Во Правилникот за систематизација на работни места во Комисија за спречување и заштита од дискриминација се утврдени 40 работни места на административни службеници со вкупно 46 извршители, од кои пополнети се само 16 работни места што претставува 34,8%. Бројот на вработени во споредба со 2021 година е зголемен за 6 административни службеници кои засноваа работен однос во КСЗД преку трајно преземање од други институции (4 вработени) и преку вработување во постапка по јавен оглас (3 вработени). Во извештајниот период на еден административен службеник на раководно работно место му престана работниот однос во КСЗД поради трајно преземање во друга институција.

И покрај подобрувањето на состојбата со човечките ресурси, пополнетоста на работните места од само 34,8% го намалува потенцијалот на Стручната служба за непречено функционирање, исполнување на работните задачи и остварување и реализација на законските надлежности на Комисијата.

Стратешката определба за јакнење на капацитетите и човечките ресурси, како и создавање на стручна, независна и професионална административна служба на КСЗД останува предизвик и во 2023 година.

# СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Согласно утврдените надлежности во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа, Комисијата работи постојано, а одлучува на седници кои се одржуваат по потреба. Во 2022 година беа одржани 25 седници на кои се донесени 214 одлуки за конкретни предмети.

## Претставки и постапки за заштита од дискриминација по службена должност

Во 2022 година до Комисијата поднесени се 248 претставки за заштита од дискриминација, од кои 157 од физички лица и 91 од страна на правни лица. Споредено со претходната 2021 година, кога беа примени 86 претставки од страна на физички и правни лица, бројот е зголемен за дури 162, што претставува пораст од 188,37%.
Поведени се и 7 постапки за заштита од дискриминација по службена должност. Споредено со претходната 2021 година, кога беа поведени 4 постапки, бројот е зголемен за 75%.

Кумулативно, кога ќе се земат во предвид сите предмети за заштита од дискриминација, односно примените претставки и поведени постапки по службена должност, во 2022 година регистрираме 255 предмети, што споредено со 90 во 2021 година претставува зголемување за 165 предмети, или пораст од 183,33%. (Графикон 1).




*графикон 1*

На Графикон 2 е дадена споредба на бројот на предмети за заштита од дискриминација по квартали во 2021 година и 2022 година. Во 2022 година се забележува значителен пораст во споредбените квартали со 2021, продолжување на растот кој започна во 2021 година и консолидација на бројот на примени претставки со просек од 63,75 предмети/квартал.

Претставка за дискриминација до Комисијата може да се поднесе на повеќе начини – по пошта, лично во простории на КСЗД и електронски.

- Поднесување на претставка по пошта се врши со испраќање на пополнет урнек за пријава на дискриминација на адреса на Комисијата.
- Постапката лично може да се поднесе усно или пак со пополнување на урнекот за пријава на дискриминација.
- Електронското поднесување на претставки е овозможено преку воспоставениот електронски сервис „Пријави дискриминација“ кој се наоѓа веб-страницата на Комисијата (https://kszd.mk/пријави-дискриминација/) или со испраќање на е-пошта на contact@kszd.mk.

Претставката треба да ги содржи следните битни елементи – податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Број на предмети за заштита од дискриминација по квартали




*графикон 2*

## Демографски податоци за подносителите на претставки

Од вкупно 157 физички лица кои поднеле претставки за заштита од дискриминација во 2022 година, 15 не се изјасниле за нивната припадност по пол. Од оние кои се изјасниле 60 биле жени, а 82 мажи. На Графикон 3 е даден овој соодносизразен во проценти.

Пол на подносителите на претставки




*графикон 3*

Во однос на националната припадност, 68 подносители не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле, најмногу претставки се поднесени од граѓаните Македонци (48), по што следат граѓаните кои се припадници на албанската етничка заедница (14), потоа граѓаните од бугарска припадност (8), припадниците на српската етничка заедница (4), турската етничка заедница (3) итн. Целосниот преглед на бројот на претставки на подносителите според нивната национална припадност е даден на Графикон 4.




*графикон 4*

На Графикон 5 е даден преглед на подносителите на претставки според нивната возраст. Најмногу претставки поднеле граѓани на возраст од 41-50 години, потоа граѓаните на возраст од 31-40 години и граѓаните на возраст од 51-60 години. Податок за возраст не доставиле 50 подносители на претставки.




*графикон 5*

Најголем број претставки за заштита од дискриминација во 2022 година биле поднесени од граѓани и организации со седиште во Скопје (151 претставки, или 61%). Потоа следат општините Битола (18 претставки), Штип (14 претставки), Велес (7 претставки) и Куманово (5 претставки). Вкупниот преглед е даден во Табела 1.

| Место / Седиште на подносителите на претставки | Број на претставки |
|---|---|
| Скопје | 151 |
| Битола | 18 |
| Штип | 14 |
| Велес | 7 |
| Куманово | 5 |
| Гевгелија | 4 |
| Кавадарци | 4 |
| Радовиш | 4 |
| Гостивар | 3 |
| Кичево | 3 |
| Прилеп | 3 |
| Тетово | 3 |
| Делчево | 2 |
| Демир Хисар | 2 |
| Илинден | 2 |
| Кочани | 2 |
| Неготино | 2 |
| Струга | 2 |
| Берово | 1 |
| Демир Капија | 1 |
| Крива Паланка | 1 |
| Кривогаштани | 1 |
| Липково | 1 |
| Македонска | 1 |
| Новаци | 1 |
| Струмица | 1 |
| Теарце | 1 |
| Центар Жупа | 1 |
| Чучер Сандево | 1 |

*табела 1*

Во 2022 година до Комисијата со 4 претставки за заштита од дискриминација се обрати и организација чие седиште е во Брисел, Белгија. Примени се и 2 анонимни претставки за кои не е познато местото на живеење на подносителот.

## Пријавени области на дискриминација

Најмногу предмети за заштита од дискриминација во 2022 година биле во областите на работата и работните односи (86 предмети) и јавно информирање и медиуми (78 предмети). Потоа следат областите пристап до добра и услуги (26 предмети), образование, наука и спорт (21 предмети), социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (18 предмети) итн. Вкупниот преглед на бројот на предмети во секоја од областите е прикажан на Графикон 6[1].




*графикон 6*

Во однос на претставките поднесени од физички лица, најголемиот број се однесуваат на пријави за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи (Графикон 7). Оваа област била пријавена во дури 84 претставки што претставува повеќе од половина од вкупниот број претставки, односно 53,50%. Други области кои биле пријавени се пристап до добра и услуги (18 претставки, или 11,46%), Социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита (15 претставки или 9,55%), Образование, наука и спорт (13 претставки, или 8,28%) итн. Вкупниот преглед на бројот на претставки поднесени од физички лица во секоја од областите е даден на Графикон 7

[1] Графиконот 6 прикажува во колку предмети била пријавена конкретната област на дискриминација. Имајќи во предвид дека во 14 предмети подносителите пријавиле дискриминација во повеќе од една област, бројот на предмети во секоја од областите прикажани на Графиконот 6 е поголем од вкупниот број на предмети за заштита од дискриминација. Оваа забелешка важи и за сите останати статистички прегледи во овој Извештај кои прикажуваат број на предмети во конкретните области.




*графикон 7*

Анализата на податоците покажува дека **жените** најчесто пријавувале дискриминација во областа на работата и работните односи (36 претставки), по што следат областите социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (7 претставки) и областа пристап до добра и услуги (6 претставки) итн. И **мажите** најчесто пријавувале дискриминација во областа на работните односи (42 претставки), а потоа пристап до добра и услуги (11 претставки) и областите образование, наука и спорт (7 претставки) и социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (7) итн. Процентуалната застапеност, односно уделот на секоја од пријавените области на дискриминација во рамки на претставките поднесени од жените, односно мажите, е прикажана на Графикон 8.

Области на дискриминација (процентуален приказ) во претставките поднесени од жените и мажите




*графикон 8*

За разлика од физички лица, **правните лица најчесто до Комисијата се обратиле заради заштита од дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми.** Оваа област била пријавена во 68 претставки, што претставува 74,73% од вкупниот број претставки. Од останатите области кои биле пријавени ги издвојуваме пристапот до добра и услуги (7 претставки, или 7,69%) и образование, наука и спорт (5 претставки, или 5,49%). Вкупниот преглед на бројот на претставки поднесени од правни лица во секоја од областите е даден на Графикон 9.

Број на претставки за заштита од дискриминација поднесени од правни лица според пријавената област




*графикон 9*

Од постапките **поведени по службена должност**, 2 се однесуваат на областа на образованието, науката и спортот, 2 во областа на јавното информирање и медиуми, потоа 1 постапка во областа на пристапот до добра и услуги, 1 постапка за заштита од дискриминација во друга област, односно областа на заштита на личните податоци и 1 постапка која се однесува на две области и тоа, областа на образованието, науката и спортот и областа на правосудството и управата.

## Пријавени основи на дискриминација

Од вкупно 255 предмети за заштита од дискриминација, во 111 пријавена е една основа за дискриминација, а во 114 пријавена е дискриминација врз две или повеќе основи (Графикон 10).

Основи на дискриминација во претставките




*графикон 10*

Од претставките за дискриминација врз повеќе основи регистрирани се:

- 35 за дискриминација врз две основи
- 17 за дискриминација врз три основи
- 10 за дискриминација врз четири основи
- 5 за дискриминација врз пет основи
- 44 за дискриминација врз шест основи
- 2 за дискриминација врз седум основи, и
- 1 претставка за дискриминација врз осум основи.

До Комисијата во извештајниот период беа поднесени и 30 претставки во кои подносителите конкретно не навеле ниту една основа за дискриминација.
Најчесто пријавена основа за дискриминација во 2022 година била националната или етничката припадност (во 124 предмети, или 48,63%). Потоа следат основите лично својство и општествен статус (во 75 предмети, или 29,41%), пол (во 56 предмети или 21,96%), припадност на маргинализирана група (во 51 предмети, или 20,00%), родов идентитет (во 45 предмети, или 17,65%) и сексуална ориентација (во 43 предмети, или 16,86%). Целосниот преглед на пријавените основи за дискриминација во предметите во 2022 година е даден на Графикон 11[2].

[2] Графиконот 11 прикажува во колку предмети била пријавена конкретната основа на дискриминација. Со оглед на тоа што во 114 предмети била пријавена дискриминација врз повеќе основи, бројот на предмети за секоја од основите на дискриминација прикажани на Графиконот 11 ќе биде секогаш поголем од вкупниот број на предмети за заштита од дискриминација. Оваа забелешка важи и за сите останати статистички прегледи во овој Извештај кои прикажуваат број на случаи според дискриминаторските основи.

Број на предмети за секоја од основите на дискриминација




*графикон 11*

Во однос на претставките поднесени од физички лица, најголемиот број се однесуваат на пријави за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност. Оваа основа била пријавена во 44 претставки, што претставува 28,03%. Понатаму следат пријави за дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус (27 претставки, или 17,20%), друга основа (26 претставки, или 16,56%), политичко уверување (24 претставки, или 15,29%), итн. Целосниот преглед на бројот на претставки поднесени од физички лица според основите на дискриминација е даден на Графикон 12.

Број на претставки поднесени од физички лица
за секоја од основите на дискриминација




*графикон 12*

Анализата на податоците покажува дека **и кај мажите и кај жените најчесто пријавена основа за дискриминација била националната или етничката припадност,** кај жените во 17 претставки, а кај мажите во 25 претставки. Во однос на останатите основи на дискриминација, кај жените најзастапени биле личното својство и општествен статус (14 претставки), политичкото уверување (11 претставки), пол (8 претставки) и друга основа (8 претставки), а кај мажите, тоа се друга основа (17 претставки), лично својство и општествен статус 13 претставки), политичко уверување (11 претставки) и социјално потекло (10 претставки). Целосниот преглед на пријавените основи за дискриминација кај жените и мажите се прикажани на графиконите 13 и 14.

Основи на дискриминација во претставките поднесени од жените




*графикон 13*

Основи на дискриминација во претставките поднесени од мажите




*графикон 14*

Како и кај физичките лица, националната или етничката припадност претставува најчесто пријавена основа за дискриминација и во претставките поднесени од правни лица. Имено, од вкупно 91 претставки, оваа основа била пријавена во дури 78, што претставува 85,71%. Потоа следат основите лично својство и општествен статус (47 претставки, или 51,65%) и припадност на маргинализирана група (исто така 47 претставки, односно 51,65%). Во најчесто пријавените основи се вбројуваат и пол (44 претставки, или 48,35%), родов идентитет (42 претставки или 46,15%) и сексуална ориентација (42 претставки или 46,15%). Целосниот преглед на бројот на претставки поднесени од правни лица според основите на дискриминација е даден на Графикон 15.

Број на претставки поднесени од правни лица
за секоја од основите на дискриминација




*графикон 15*

Од **постапките поведени по службена должност**, 3 се однесуваат за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, 2 заради национална или етничка припадност, 1 заради здравствена состојба и 1 за заштита од дискриминација врз две основи и тоа пол и лично својство и општествен статус.

## Одлучување на Комисијата по претставки и поведени постапки за заштита од дискриминација по службена должност

Од вкупно 255 предмети за заштита од дискриминација, во 111 пријавена е една основа за дискриминација, а во 114 пријавена е дискриминација врз две или повеќе основи (Графикон 10).

Постапувајќи по поднесените претставки и поведените постапки за заштита од дискриминација по службена должност, Комисијата во 2022 година донесе **вкупно 214 одлуки** и тоа:

- 134 мислења, од кои
  70 мислења со кои се утврди дискриминација
  64 мислења со кои не се утврди дискриминација
- 17 заклучоци за неповедување, непостапување или запирање на постапка, од кои
  10 заклучоци за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето
  5 заклучоци за непостапување или за запирање на постапка по претставка поради тековна судска постапка за дискриминација
  2 заклучоци за неповедување на постапка за претставка за која Комисијата веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности
- 63 одлуки за отфрлање на поднесена претставка, од кои
  16 одлуки за отфрлање на претставка заради ненадлежност
  44 одлуки за отфрлање на претставка заради неуредност
  3 одлуки за отфрлање на претставка поради застареност

Споредено со претходната 2021 година, кога беа донесени вкупно 131 одлуки, бројот во 2022 година е зголемен за 83, што претставува зголемување за 63,36%. На Графикон 16 е даден споредбен преглед на бројот на донесени одлуки во 2021 и 2022 година, за секој вид на одлука одделно.




*графикон 16*

Од вкупно донесените 214 одлуки во 2022 година, 183 се однесуваат на пријави за заштита од дискриминација започнале во 2022 година, а преостанатите 31 се одлуки по пријави чија постапка започнала во 2021 година и продолжила и завршила во 2022 година.
Заклучно со **31.12.2022 година**, за 77 претставки постапувањето, односно одлучувањето се́ уште е во тек.

## Утврдена дискриминација во 2022 година

Во 2022 година Комисијата утврди 70 случаи на дискриминација по поднесени претставки и поведени постапки по службена должност. Анализирајќи ги податоците во мислењата со утврдена дискриминација се констатира дека **најчест вид на дискриминација во 2022 година е вознемирувањето (присутно во 39 случаи)**, а потоа следат директната дискриминација (во 25 случаи) и повикувањето, поттикнувањето и инструкција за дискриминација (во 17 случаи). Целосен преглед на видовите на утврдена дискриминација е даден на Графикон 17.

Видови на утврдена дискриминација во 2022 година




*графикон 17*

Иако во најголем број случаи Комисијата утврди дискриминација во еден конкретен облик (54 случаи), чест е наодот и на случаи во кои се присутни повеќе видови на дискриминација истовремено или се создаваат како последица (16 случаи). Така на пример, во 11 случаи Комисијата утврди вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Се утврдија и 3 случаи на дискриминација со која се предизвикува сегрегација, од кои во 2 случаи се работи за индиректна дискриминација врз поголема група на граѓани, додека во 1 случај се работи за директна дискриминација врз едно лице со која се предизвикува сегрегација и исклучување. Понатаму, се утврди случај на директна дискриминација и вознемирување, за кој случај исто така се утврди и постоење на виктимизација врз лицето што преземало дејства за заштита од дискриминација, итн.

Од утврдените 70 случаи на дискриминација во 2022 година, **23 случаи претставуваат потешки облици на дискриминација**, и тоа:

- 11 случаи на потешки облици на директна дискриминација:
  - 8 случаи на директна продолжена дискриминација
  - 1 случај на директна продолжена интерсекциска дискриминација
  - 1 случај на директна повторена и продолжена дискриминација
  - 1 случај на директна повеќекратна и продолжена дискриминација
- 10 случаи на потешки облици на вознемирување
  - 2 случаи на продолжено вознемирување
  - 1 случај на повеќекратно вознемирување
  - 4 случаи на продолжено и повеќекратно вознемирување
  - 2 случаи на продолжено и повторено вознемирување
  - 1 случај на продолжено, повторено и повеќекратно вознемирување
- 1 случај на потежок облик на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација
  - Случај на продолжено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација
- 1 случај на потежок облик на дискриминација која се констатира во два вида
  - Случај на продолжено и повеќекратно вознемирување и продолжено и повеќекратно повикување, поттикнување и инструкција за вознемирување

## Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2022 година

Во 2022 година најчесто основа на дискриминација била сексуалната ориентација која е утврдена во 25 од вкупно 70 случаи. Потоа следат основите припадност на маргинализирана група (22 случаи), родов идентитет (20 случаи), лично својство и општествен статус (20 случаи), национална или етничка припадност (19 случаи) и пол (17 случаи). Утврдена е дискриминација и врз други 15 основи на дискриминација, а целосниот преглед е даден на Графикон 18.




*графикон 18*

Во случаите, многу често било утврдено дека дискриминацијата била сторена врз повеќе дискриминаторски основи. Всушност, во 61% од случаите (43 од 70) Комисијата утврди дека истата е сторена врз две или повеќе основи за дискриминација и тоа: 23 случаи на дискриминација врз две основи, 3 случаи на дискриминација врз три основи, 4 случаи на дискриминација врз четири основи и 13 случаи на дискриминација врз пет основи (Графикон 19). Најзастапените основи на дискриминација од Графиконот 17 често пати се јавуваат истовремено присутни во конкретните случаи. Имено, Комисијата утврди дискриминација во дури 9 случаи каде истата била сторена врз следните 5 основи на дискриминација: пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и лично својство и општествен статус.

Случаи на дискриминација според бројот на утврдени основи




*графикон 19*

## Области на дискриминација во случаите утврдени во 2022 година

Во 2022 година најчестата област на дискриминација е областа на јавното информирање и медиуми која е утврдена во 37 случаи, односно во 52,86%. Потоа следат областите на работата и работните односи утврдена во 15 случаи, пристапот до добра и услуги во 10 случаи и образование, наука и спорт во 7 случаи. Целосен преглед е даден на Графикон 20. Во два случаи Комисијата утврди дискриминација која била сторена во две различни области: во првиот случај - дискриминација во областа на работата и работните односи и дискриминација во областа на образованието, науката и спортот, а во вториот - дискриминација во областа на дејствување на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство и областа на јавното информирање и медиуми.

Број на случаи на утврдена дискриминација по области




*графикон 20*

Во продолжение е даден преглед на спецификите на случаите на дискриминација утврдени во 2022 година за секоја од областите.

## Дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми

Дискриминацијата во областа на јавното информирање и медиуми била утврдена во 37 случаи. Во еден од случаите се утврди дискриминација во две области, областа на јавно информирање и медиуми и областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство и истата ќе биде разгледана одделно.

Од 36-те случаи кои ќе бидат разгледани на ова место се констатира дека **дискриминацијата во областа на јавното информирање и медиуми е најприсутна на социјалните мрежи** (вкупно 33 случаи) и се јавува во форма на вознемирување и/или повикување, поттикнување и инструкција, која неретко е присутна во потешки облици како продолжена, повторена и повеќекратна дискриминација. Најчести жртви на социјалните мрежи биле припадниците на **ЛГБТИ+ заедницата** со утврдени 26 случаи. Комисијата во 3 случаи утврди и дискриминација на социјалните мрежи врз граѓаните кои се припадници на бугарската заедница, потоа еден случај за дискриминација врз припадниците на албанската заедница и Македонците со

муслиманска вероисповед, еден случај на дискриминација врз припадниците на ромската заедница и еден случај за дискриминација кон граѓани кои се политички неистомисленици на дискриминаторот и припадниците на турската заедница. Во еден од случаите на дискриминација на социјалните мрежи се утврди и **сексуално вознемирување** сторено од водител на емисија насочено кон жена врз основа на пол и род.

Покрај на социјалните мрежи, Комисијата утврди и 2 случаи на дискриминација сторени на национални телевизии, односно за време на дебатни емисии кои се емитуваат на национални телевизии од страна на учесници на истите. Утврден е и 1 случај на дискриминација сторена на интернет портал преку објавување на содржини кои предизвикуваат повеќекратно и продолжено вознемирување и сексуално вознемирување.

## Основи на дискриминација во случаите во областа на јавното информирање и медиуми

Случаите на дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми најчесто се присутни како дискриминација врз повеќе основи. Имено, од 36 случаи дури во 28 се утврди дискриминација врз две или повеќе основи на дискриминација, што е 77,78% од случаите. Како илустрација, Комисијата утврди дискриминација во областа на медиумите сторена врз две основи во 14 случаи и дискриминација врз пет основи во 10 случаи. **Најприсутна основа за дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми е сексуалната ориентација (25 случаи),** а потоа следуваат родовиот идентитет (20 случаи), припадност на маргинализирана група (16) случаи и пол (14 случаи). Присуството на секоја од основите на дискриминација во случаите во областа на јавното информирање и медиуми утврдени во 2022 година е прикажана на Графиконот 21.

Број на случаи со утврдена дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми за секоја од основите на дискриминација




*графикон 21*

## Дискриминација во областа на работата и работните односи

Дискриминацијата во областа на работата и работните односи била утврдена во 15 случаи. Во еден од случаите се утврди дискриминација во две области, областа на работата и работните односи и областа на образование, наука и спорт и истата ќе биде разгледана одделно.

14-те случаи кои ќе бидат анализирани на ова место, претставуваат дискриминација извршена од страна на работодавач, односно од страна на непосредно претпоставено лице врз вработени. Сите случаи на дискриминација во областа на работата и работните односи се случиле во институции од јавниот сектор, од кои 6 во државни институции, 4 во општини, 1 во здравствена установа, 1 во основно училиште, а во 1 случај се утврди дискриминација сторена од општина и од основно училиште.

Во однос на видовите на дискриминација, во 8 случаи се утврди директна дискриминација врз вработено лице (од кои во 1 случај како продолжена дискриминација), во 5 случаи се утврди вознемирување на работното место (од кои во 1 случај како продолжено вознемирување). Во последниот случај се утврди директна продолжена дискриминација врз вработеното лице, како и вознемирување на работното место, а исто така и виктимизација како форма на дискриминација што претставува трпење на штетни последици на лице кое преземало дејствија за заштита од дискриминација.

### Основи на дискриминација во случаите во областа на работата и работните односи

Најчесто утврдена основа на дискриминација во областа на работата и работните односи е личното својство и општествен статус (7 случаи), а потоа следи политичкото уверување (4 случаи). На Графикон 22 е даден преглед на присуството на секоја од основите во случаите на дискриминација во оваа област.




*графикон 22*

## Дискриминација во областа на пристапот до добра и услуги

Дискриминацијата во областа на пристапот до добра и услуги била утврдена во 10 случаи. Во 8 случаи станува збор за дискриминација сторена од страна на институции од јавниот сектор, и тоа 3 од единици на локална самоуправа, 4 од општина и јавно претпријатие основано од истите и 1 од јавно сообраќајно претпријатие. Во останатите 2 случаи се утврди дискриминација сторена од страна на приватни правни лица.

Во однос на **видовите на дискриминација**, во сите случаи се работи за директна дискриминација, од кои во 4 случаи се утврди дека истата е продолжена, а во 1 случај како продолжена и повеќекратна дискриминација.

Дискриминацијата во пристапот до добра и услуги во 9 случаи се утврди во форма на оневозможен или ограничен пристап до добра и услуги сторена врз поголема група на граѓани. Имено, во 4 случаи се утврди дискриминација врз лицата со попреченост, во други 4 случаи Комисијата утврди дискриминација врз припадниците на ромската етничка заедница и во 1 случај дискриминација насочена кон припадници на турската етничка заедница. На крај, во еден случај се утврди и дискриминација во пристап до услуги сторена од приватно правно лица кон граѓанин врз основа на неговото социјално потекло и лично својство и општествен статус.

### Основи на дискриминација во случаите во областа на пристапот до добра и услуги

Случаите на дискриминација во областа на пристапот до добра и услуги најчесто се присутни како дискриминација врз повеќе основи. Имено, во 4 случаи се утврди дискриминација врз две основи, во 2 случаи се утврди дискриминација врз четири основи и во 2 случаи дискриминација врз пет основи. Само во 2 случаи Комисијата утврди дека дискриминацијата во пристапот до добра и услуги е сторена врз една дискриминаторска основа. **Најчесто утврдени основи на дискриминација во областа на пристапот до добра и услуги се националната или етничка припадност и припадност на маргинализирана група**, а потоа следи социјалното потекло. На Графикон 23 е прикажано присуството на секоја од основите во случаите на дискриминација во оваа област.

Број на случаи на утврдена дискриминација во областа на пристапот до добра и услуги за секоја од основите на дискриминација




*графикон 23*

## Дискриминација во областа на образование, наука и спорт

Дискриминацијата во областа на образованието, науката и спортот е утврдена во 7 случаи. Како што напоменавме претходно, во еден од случаите се утврди дискриминација во две области, областа на работата и работните односи и областа на образование, наука и спорт и истата ќе биде разгледана одделно.

Од 6-те случаи кои ќе бидат анализирани на ова место, 5 се случаи на дискриминација во областа на образованието и 1 случај на дискриминација во областа на спортот.

Во областа на **образованието**, Комисијата утврди дискриминација во следните случаи:

- 2 случаи на индиректна дискриминација со која се предизвикува сегрегација која произлегува од одредбите на Законот за основно образование врз учениците кои се припадници на ромската етничка заедница (еден во основно училиште во Битола и вториот случај во основно училиште во Штип), која се случува при упис на учениците Роми во учебна година на начин што се распоредуваат во „етнички чисти паралелки". Истата произлегува од член 63 од Законот за основно образование и претставува системски проблем кој предизвикува сегрегација во училиштата во целата земја. Поттикната од овие два случаи, Комисијата во април 2022 година донесе Општа препорака за отстранување на сегрегација во основното образование со особен фокус на учениците Роми.
- **1 случај на сегрегација и исклучување на ученичка врз основа на попреченост во основно училиште**, сторена со неоправдано и нелегитимно физичко одделување од останатите ученици во посебна просторија, во изолација од учениците без попреченост, **и директна продолжена дискриминација** извршена од основното училиште со неприспособување на училишната инфраструктура, во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорна просторија, опремена со соодветна асистивна технологија, што резултирало со оневозможување на пристап до образование врз еднаква основа со другите по основ на попреченост и посебни образовни потреби.
- 1 случај на директна дискриминација сторена од училиште за средно образование во Битола врз ученик кој е припадник на ромската етничка заедница кому му била изречена педагошка мерка – отстранување од училиштето, без притоа да му се даде можност за следење на наставата, како што се постапило со други ученици на кои им била изречена истата педагошка мерка.
- **1 случај на вознемирување по основ на етничка припадност и религија или верско уверување** сторено од страна на Министерството за образование и наука поради неотстранување на содржини во учебници по историја за средно и гимназиско образование кои предизвикуваат чувство на пониженост, стигматизација и повреда на достоинството на Бошњаците.

Во областа на спортот, постапувајќи по претставка поднесена од карате клубови-членки на Карате федерацијата на Македонија, Комисијата утврди **директна повторена и продолжена дискриминација по основ на лично својство и општествен статус, како и по основ на возраст**, извршена од страна на Карате федерацијата на Македонија кон група спортисти-каратисти, членови на повеќе карате клубови-членки на КФМ и индиректна дискриминација од страна на ИО на КФМ со донесување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции и Одлуката за определување на критериуми и услови за избор на натпреварувачи за настап на ЕП во Прага, Чешка во категоријата кадети, јуниори и постари јуниори У21 на 29.10.2021 година, потпишани од в.д. Директорот.

Основи на дискриминација во случаите во областа на образование, наука и спорт

Најчеста основа за дискриминација во областа на образованието, науката и спортот е националната или етничката припадност. На Графикон 24 е прикажано присуството на секоја од основите во случаите на дискриминација во оваа област.

Број на случаи на утврдена дискриминација во областа на образование, наука и спорт за секоја од основите на дискриминација




*графикон 23*

## Дискриминација во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита

Дискриминација во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита се утврди во 2 случаи, од кои во еден случај во областа на здравствената заштита, а во вториот случај во областа на здравственото осигурување и здравствената заштита.

Во првиот случај Комисијата утврди **директна продолжена дискриминација врз основа на пол** во областа на здравствената заштита, сторена од Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести врз татковците на деца кои се хоспитализирани, на начин што болницата вовела практики со кои им било оневозможено на татковците да ги придружуваат своите хоспитализирани деца под еднакви услови како и мајките на хоспитализираните деца.

КСЗД препорача ЈЗУ УК за детски болести во рок од 90 дена да ја отстрани дискриминаторската практика и да пронајде начин да овозможи услови татковците да ги придружуваат своите хоспитализирани деца под еднакви услови и да имаат ист третман како и мајките на хоспитализираните деца, како и во иднина да се воздржи од преземање на дискриминаторски дејствија врз основа на пол или било која друга основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во вториот случај Комисијата утврди директна продолжена интерсекциска дискриминација по основ на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и социјално потекло извршена од страна на Министерството за здравство кон жените-Ромки кои живеат на територија на општина Шуто Оризари, во областа на здравственото осигурување и здравствената заштита, што резултира со

нееднаков пристап до здравствена заштита во споредба со жените кои не се Ромки, а живеат во другите општини на територијата на Град Скопје. Комисијата му препорача на Министерството за здравство да обезбеди право на рамноправност во пристапот до здравствена заштита и здравствени услуги на жените-Ромки кои се жителки на Општина Шуто Оризари преку предлагање на Програма што ќе опфати афирмативни мерки, активности и дополнителни финансиски стимулации за приватните здравствени установи кои нудат гинеколошко-акушерска здравствена заштита со цел да стимулираат повисока заинтересираност својата дејност во континуитет да ја извршуваат во Поликлиниката во Општина Шуто Оризари, и истата Програма да ја достави на усвојување до Владата во рок од 90 дена.

## Случаи на дискриминација утврдена во две области

Како што спомнавме претходно, Комисијата утврди 2 случаи во кои дискриминацијата се утврдува во две области кои се разгледуваат одделно, и тоа во еден случај се утврди дискриминација во областа на работата и работните односи и во областа на образованието, а во вториот случај се утврди дискриминација во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство и областа на јавно информирање и медиуми.

Во првиот случај, се утврди д**иректна дискриминација врз основа на етничка припадност врз граѓанка која е припадничка на турската етничка заедница** при спроведување на постапка за вработување на наставник во основно училиште во Радовиш. Училиштето избирајќи, односно вработувајќи друг наставник кој не го познава турскиот јазик, наспроти дискриминираната граѓанка кој го познава турскиот јазик, односно јазикот на кој наставникот ќе ја изведува наставата, предизвикало и **дискриминација врз основа на јазик во основното образование врз учениците од истото училиште чиј мајчин јазик е турскиот јазик**. Комисијата препорача училиштето да објави нов оглас за вработување на наставник и при одлучувањето за избор на пријавените кандидати да го земе во предвид член 10 став 2 од Законот за основно образование кој гласи „За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната програма се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница." и член 3 став 1 точка 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта кој гласи „Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата".

Во вториот случај се утврди продолжено и повеќекратно вознемирување како потежок вид на дискриминација врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус во областа на дејствување на здруженија, фондации или други организации засновани на членство, извршено од страна на Здружението Културен центар „Иван Михајлов" Битола кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и антифашистичката војна 1941-1945, кон македонскиот народ и припадниците на сите етнички заедници во македонското општество. Во истиот случај се утврди и продолжено и повеќекратно повикување, поттикнување и инструкција за вознемирување како потежок вид дискриминација врз основ на национална и етничка припадност, друго уверување и личен и општествен статус во областа на медиумите и јавно информирање, извршена од страна на Здружението Културен центар „Иван Михајлов" Битола кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ и

антифашистичката војна 1941-1945, кон македонскиот народ и припадниците на сите етнички заедници во македонското општество. Исто така, се утврди и индиректна дискриминација извршена од страна на Министерството за правда, поради пропуштање на извршување на своите законски надлежности со кои му овозможиле на Здружението Културен центар „Иван Михајлов" Битола да врши дејствија забранети со Член 5 и Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација што резултирало со горенаведените видови дискриминација. Комисијата препорача Здружението да ги отстрани сите спорни елементи во името, статутот и програмата кои предизвикуваат вознемирување во рок од 45 дена. Комисијата исто така препорача Здружението да ги отстрани сите спорни содржини на својата страница на социјалната мрежа „Фејсбук" кои предизвикуваат вознемирување и даваат на инструкции за вознемирување во најкраток можен рок, но не подолг од 30 дена и дополнително му препорача на Здружението во иднина да се воздржи од креирање и ширење на содржини кои можат да предизвикаат вознемирувачко чувство согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. На Министерството за правда Комисијата препорача во рок од 45 дена да изврши надзор на законитоста и примената на одредбите од Законот за здруженија и фондации согласно член 58 од Законот за здруженија и фондации, особено во делот на актите на Здружението во врска со членот 4 од истиот, притоа земајќи го во предвид Член 20 од Уставот на Република Северна Македонија.

## Општи препораки

Во вториот квартал на 2022 година, согласно член 21 став 1 точка 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата упати две општи препораки за прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата. Истите беа поттикнати од претставки за спречување на дискриминација кои ги поднесе Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) од Брисел.

### Општа препорака со која се препорачува на локалната самоуправа да обезбеди еднаков пристап до вода до сите граѓани со особен фокус на ромската етничка заедница

Во април 2022 година Комисијата упати општа препорака на општините и нивните реонски јавни претпријатија кои работат во областа на комуналните дејности да обезбедат пристап до чиста вода на целата територија каде што се месно надлежни. Истата беше поттикната од две претставки кои ги поднесе Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) за спречување на дискриминација во пристапот до вода врз граѓани кои се припадници на ромската етничка заедница кои живеат во населби кои не се опфатени во рамки на јавните водоснабдителни мрежи. Во првиот случај, Комисијата утврди директна дискриминација врз жители на населбата „Тенеќе маало" на улица „Димката Ангелов-Габерот" во општината Кавадарци, а во вториот врз жители на населбите „Дебарца" и „Три Багреми" во Општина Прилеп.
Општата препорака која ја упатува Комисијата е во насока на обезбедување на еднаков пристап до вода на сите граѓани и спречување на идна дискриминација што недостигот на вода може да го предизвика во областите на образование, здравје, вработување и пристап до јавни добра и услуги. Доколку постојат законски пречки за редовен приклучок до вода преку водоснабдителната мрежа на општината, Комисијата им препорачува на надлежните власти преку соодветни начини врз основа на меѓународна пракса да обезбедат непосреден пристап до вода на оние населби во кои најчесто живеат социјално ранливи категории на граѓани како што е ромската етничка заедница. Во препораката се вели:
Неповолната положба на Ромите која е последица на системска дискриминација

уште од минатото, ја прави оваа заедница социјално маргинализирана во споредба со останатите. Следствено, немањето на соодветен пристап до чиста вода е поголема неповолност во однос на исполнување на законската рамка во поглед на исполнување на услови за легализација на нивните домови и приклучок до јавните мрежи за водоснабдување. Имајќи го во предвид фактот што пристапот до вода директно влијае на секојдневните обврски во смисла на одење на работа, на училиште, одржување на хигиена, намалување на ризик од болести и слично, државниот апарат мора да најде начин да обезбеди чиста вода на хуманитарна основа. Откако основните потреби ќе бидат исполнети, тогаш секој човек може да се стреми кон инклузија во општеството, а со тоа исполнување на граѓанските обврски, во овој случај, исполнување на законските критериуми и процедури за легализација на живеалиште и легален приклучок до вода. Следствено, анулирајќи ја негативната состојба, ќе се намалат и случаите на дискриминација кон ромската етничка заедница особено во областите на образование, пристап до јавни добра и услуги и вработување, случаи во кои претходно Комисијата има утврдено дискриминација од различни актери во општеството.

## Општа препорака за отстранување на сегрегација во основното образование со особен фокус на ученици Роми, на начин што доследно ќе се почитуваат актите за реонизација во општините при запишување на учениците во основните училишта.

Во април 2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација упати општа препорака до надлежните органи доследно да ги почитуваат актите за реонизација во општините при запишување на учениците со цел отстранување на сегрегација во основното образование со посебен фокус на учениците Роми. Истата беше поттикната од претставка поднесена од страна на Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) од Брисел против Општинското основно училиште на град Штип – ООУ „Гоце Делчев" за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност на учениците Роми. За овој случај, во февруари 2022 година, Комисијата донесе мислење со кое се утврди индиректна дискриминација со која се предизвикува сегрегација врз основа на етничка припадност во областа на образованието произлезена од законските одредби во Законот за основно образование.

Општата препорака која ја упатува Комисијата е со цел отстранување на сегрегација во основното образование што како последица во иднина може да доведе до нетрпеливост и дискриминација. Земајќи ги во предвид фактичката состојба, домашната и меѓународната регулатива, судската пракса на Европскиот суд за човекови права и анализата на релевантните институции и организации на надлежните органи се препорачува следното:

- Органите на локалната самоуправа да преземат активности за доследно почитување на актите за реонизација во нивните општини. Дополнително, се препорачува да се зголеми бројот на педагошките асистенти во училиштата што ќе доведе до поголема социјализација и почит помеѓу децата, поголема соработка помеѓу општинските власти и граѓанските организации во однос на сензибилизација на не-ромските родители.
- Директорите на училиштата да ја користат можноста да не потпишуваат согласност за преземање на дете кое би завршило да учи во училиште кое живее надвор од својот реон.
- Министерството за образование и наука да определи построги критериуми за упис на дете во друг реон со што би се намалил одливот на деца во други училишта што би придонело до намалување на сегрегацијата.
- Државниот просветен инспекторат да вршат контрола над процесот на запишување на учениците во образовни установи и начинот на опфат на учениците

согласно реонизацијата на основните училишта основани од општините и Град Скопје согласно член 28 и член 29 од Законот за просветна инспекција.

Во препораката стои следното:
Согласно ЗСЗД, сегрегацијата како облик на дискриминација, во член 12 се дефинира како физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел. Од дефиницијата и општествениот проблем опишан погоре, се потврдува дека родителите немаат легитимна и објективно оправдана цел да ги запишуваат своите деца надвор од реоните каде што живеат. Етничкиот состав на деца во различни училишта ширум земјата укажува на фактот дека не станува збор за индивидуални случаи кај родителите туку свесно одделување на своите деца од деца кои се од ромска етничка припадност. Ваквиот контекст може да остави далекусежни последици не само врз децата од ромска етничка припадност туку и од не-ромска бидејќи немањето можност и прилика деца со различни културни и етнички позадини да се интегрираат и да учат еден за друг, во иднина може да доведе и до нетрпеливост и дискриминација од страна на „посилната односно побројната" група.

## Статус на исполнување на препораките на Комисијата

Согласно член 21 став 1 точка 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација се до исполнување на препораките дадени од Комисијата. Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци, како и за тоа да ја извести Комисијата.

Во извештајниот период, заклучно со 31.12.2022 година, Комисијата констатира дека се исполнети препораките, односно **отстранета е дискриминацијата во вкупно 16 случаи кои беа утврдени во 2022 година.**

За 34 случаи кои беа утврдени во 2022 година Комисијата не доби писмено известување од страна на утврдениот дискриминатор по истекување на законски предвидениот рок за постапување по дадената препорака

Комисијата продолжува да го следи извршувањето на препораките и за преостанатите 20 претставки чиј рок за постапување е во 2023 година.

## Барања за покренување на прекршочна постапка

Согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката, Комисијата поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Во 2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе **14 барања за поведување на прекршочни постапки** против утврдени дискриминатори, кои во законски предвидениот рок не постапиле по препораките на Комисијата.

4 од поднесените 14 барања се отфрлени со решенија на надлежните судови. За 2 од овие 4 решенија Комисијата поднесе жалби до апелационите судови. Една од жалбите е отфрлена како неблаговремена, а една е одбиена како неоснована.

Едно барање за поведување прекршочна постапка е повлечено од страна на Комисијата заради исполнување на препораката од донесеното мислење од страна на дискриминаторот.

По 9 поднесени барања за поведување прекршочна постапка, судовите повеле прекршочни постапки. Во рамките на овие постапки донесена е 1 првостепена пресуда со која се прогласуваат за виновни правно и физички лица, за сторени прекршоци по чл. 6, чл. 8, ст. 1, а казниво по 41, ст.1, 2 и 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. 8 од поведените 9 прекршочни постапки се сеуште во тек.

Најчести проблеми и предизвици со кои се соочува Комисијата во однос на процесната прекршочна постапка е тоа што судовите во неколку постапки се впуштаат и во материјално одлучување дали во конкретниот случај постои дискриминација, со што директно се нарушува и подрива независноста во работата на Комисијата и конечноста на мислењата кои ги носи институцијата.

## Стручни мислења

### Стручно мислење за користена терминологија во материјал за формално образование, подготвено поглавје од учебник Детска стоматологија, со наслов Стоматолошка заштита на деца со попреченост

Во **мај 2022 година**, согласно член 21 став 1 точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по доставено барање за доставување на стручно мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе **Стручно мислење за користена терминологија во материјал за формално образование, подготвено поглавје од учебник Детска стоматологија, со наслов Стоматолошка заштита на деца со попреченост.**

Барањето до Комисијата за донесување на стручно мислење за користената терминологија во посоченото поглавје во учебникот Детска стоматологија е од аспект дали истиот содржи застарени термини и вознемирувачки говор врз основа на попреченост и дали е во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи во предвид дека станува збор за специфично барање, за чиј одговор е потребна посебна и дополнителна експертиза, а со цел стручно и ефикасно постапување по истото, Комисијата согласно член 21 став 23 од Законот за спречување и заштита од дисеминација донесе одлука за формирање привремено советодавно тело за изготвување на стручното мислење со вклучување на надворешни експертки за правата на лицата со попреченост од здружението на граѓани Полио Плус – движење против хендикеп.

Врз основа на наодите на анализата за користена терминологија во материјал за формално образование, подготвено поглавје од учебник Детска стоматологија, со наслов Стоматолошка заштита на деца со попреченост, Комисијата го дава следното стручно мислење и препораки за корекција на текстот и негово усогласување со Законот за спречување и заштита од дискриминација и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост:

- да се користи класификација на видовите на попреченост согласно чл.1 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост;
- да не се врши поистоветување на болест со состојба на попреченост. Ова поистоветување претставува вознемирување врз основа на попреченост во смисла на чл.9 од ЗСЗД.

- да се коригираат деловите од текстот кои нагласуваат посебни потреби и внимание во работата со децата со попреченост, кои се потребни и за работа со деца без попреченост, како добрата комуникација на стоматологот со децата со попреченост, воспоставување пријателски однос, добивање наклонетост и симпатии од страна на децата и појавување на хиперактивност, вознемиреност, непредвидливи реакции и задржување на внимание за кратко време. Овие карактеристики се типични за сите деца, без разлика на тоа дали имаат или немаат попреченост.

## Стручно мислење по предлог-Законот за административните службеници поставен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) – месец октомври 2022 година

Во **ноември 2022 година**, согласно член 21 став 1 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе **Стручно мислење по предлог-Законот за административните службеници поставен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) – месец октомври 2022 година.**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека предлог-Законот за административните службеници содржи дискриминаторски одредби во член 71 кој што ги уредува платите на административните службеници вработени во министерствата и секретаријатите на различен начин, наспрема вработените административни службеници во институциите на јавниот сектор.

Согласно член 3 од овој предлог-Закон, административен службеник е секое лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во некоја од следниве институции:

- органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и
- институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

При анализа на целосниот текст на предложениот предлог – закон, Комисијата посочува дека одредени одредби од законот, доколку се усвојат како такви, би резултирале со нееднаква положба на поголемиот дел административни службеници во однос на останатиот дел на административни службеници.

Со вака предложената одредба, административните службеници вработени во министерствата и секретаријатите би имале значително повисок износ на утврдена основна плата во однос на административните службеници во сите други институции на јавниот сектор, иако го имаат истиот статус на административен службеник, распределени на исто ниво, односно ги исполнуваат истите општи и посебни услови за определеното ниво.

Во таа смисла така определената одредба би довела до директна дискриминација согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно со една група на лица би се постапувало понеповолно во однос на друга група на лица во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска

основа. Следствено, со административните службеници вработени во останатите институции на јавниот сектор би се постапувало понеповолно во однос на административните службеници вработени во министерствата и секретаријатите на исто ниво врз основ на заснован работен однос кај работодавач.

Предлагачот на законот воопшто не се обидел да ја објасни и образложи причината за ваквиот концепт за нееднаков третман при бодирањето на административните службеници од исти нивоа, по основ на институцијата во која го засновале работниот однос, што упатува дека ваквиот критериум не може да се смета за оправдан и објективен. Отсуството на легитимна цел за различното вреднување на трудот ќе резултира со значителни разлики во платите на административните службеници кои работаат на работни места на исто ниво, што е спротивно и на одредбата содржана во членот 7 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација укажува дека во предлог-Законот за административни службеници, членот 71 со кој се уредува пресметувањето на основната плата на административните службеници, доколку се усвои во таква форма, ќе создаде услови за нееднаков третман на поголем број административни службеници вработени во институции од јавниот сектор кои ќе бидат ставени во понеповолна состојба во споредба со административните службеници кои се вработени во министерствата и секретаријатите на исто ниво, што претставува директна дискриминација извршена од страна на јавните органи кон оваа група вработени. Овој предлог е спротивен на концептот „еднаква плата за работа од еднаква вредност", како и на општата забрана за дискриминација утврдена со Уставот, Законот за спречување и заштита од дискриминација и со голем број ратификувани меѓународни инструменти за заштита на човековите права и слободи, кои според член 118 од Уставот, се дел од домашниот правен поредок.

Доколку вака предложениот предлог-закон биде усвоен, институциите од јавниот сектор ќе бидат соочени со намалена мотивација кај нивните вработени што директно би влијаела на ефикасноста и ефективноста во работењето на овие институции. Дополнително, ваквите одредби негативно би влијаеле на мобилноста на вработените во јавниот сектор што би довело до потенцијален недостаток на работна сила во поголемиот дел на институции од јавен сектор. На долг рок, постои опасност од креирање на структурна нееднаквост што ќе го оневозможи остварувањето материјалната еднаквост на граѓаните како крајна цел на секое демократско општество.

Стручното мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за информатичко општество и администрација.

## Учество на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како „пријател на судот" (amicus curiae) во судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis)

Во септември 2022 година, Граѓанскиот суд во Скопје донесе првостепена пресуда по тужба од јавен интерес (actio popularis) во која се утврдува дискриминација кон лицата со попреченост во пристап до и во избирачките места. Ова е првата судска постапка во која Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го употреби институтот „пријател на судот" (amicus curiae) и даде свој придонес во постапката.
Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација може поведе и да се јави како замешувач

во судски постапки за заштита од дискриминација или пак, на барање на странката или по сопствена иницијатива да поднесе барање судот да ѝ овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae). Amicus curiae или пријател на судот е професионално лице, организација или тело кое не е странка во судска постапка, но со својата експертиза, искуство и информации во одредена област може да го советува судот за одредена правна материја, која е предмет на судска постапка. Во април 2021 година, Комисијата за првпат ја искористи својата законска надлежност и побара Основниот граѓански суд Скопје да ѝ овозможи да дејствува како пријател на судот во судската постапка поведена од Хелсиншкиот комитет за човекови права – Скопје против Државната изборна комисија и Владата на РСМ заради директна дискриминација на лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас. Комисијата, како професионално тело за еднаквост, даде толкување на членовите од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации кои се однесуваат на соодветното приспособување, општата пристапност, еднаквост и недискриминација во врска со пристапот до гласачките места и овозможување лицата со попреченост да го остварат правото на глас на еднаква основа со другите, како дел од учеството во политичкиот и јавниот живот. Дополнително, Комисијата во својот поднесок направи и краток преглед на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во предмети во кои судот утврдил дискриминација врз основа на попреченост, заради неозбезбедено соодветно приспособување.

Покрај овој предмет, Комисијата претходно во 2021 година постапуваше и по сопствена иницијатива, а по допрен глас од лице со физичка попреченост кое се пожали дека не може да го депонира својот потпис за поддршка на извесна независна листа кандидати за локалните избори во 2021 година, и поведе постапка за заштита од дискриминација против Државната изборна комисија. Имено, во август 2021 година Комисијата утврди директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост во учество во јавен и политички живот од страна на Државната изборна комисија врз лицата со физичка попреченост, заради неприспособена инфраструктура која на лицата со физичка попреченост им го оневозможува пристапот до објекти на Подрачното одделение на ДИК – Карпош и на тој начин оневозможил пристапност и достапност на лицата со физичка попреченост на еднаква основа со другите лица. Имајќи предвид дека прашањата за пристапност и соодветно приспособување на подрачните канцеларии на ДИК влијаат врз учеството во јавниот и политичкиот живот на повеќе лица, односно дека овие прашања се од јавен интерес, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за овој предмет донесе општа препорака.

## Реализирани активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

### 6-та регионална конференција на телата за еднаквост на Југоисточна Европа

Во периодот од 5-7 септември 2022 година во Скопје се одржа 6-та регионална конференција на телата за еднаквост во ЈИЕ. Домаќин на конференцијата беше Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со финансиска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а на неа учество земаа претставници на телата за еднаквост на Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Албанија и Косово, како и голем број претставници на национални институции, организации, партнери, експерти и експертки кои работат во областа на човековите права и заштита од дискриминација.

Фокусот на расправата на Конференцијата беше ставен на теми поврзани со улогата

на телата за еднаквост во судските постапки за заштита од дискриминација кое се водат пред домашните и меѓународните судови и преминувањето на товарот на докажување во судски постапки и постапките пред телата за еднаквост.

Учесниците на 6-та регионална конференција ја реафирмираа потребата од поинтензивна меѓусебна соработка и вмрежување на телата за еднаквост и институциите за човекови права од регионот заради поголема размена на искуства и конкретни примери на постапување во одредени случаи, што ќе им помогне на телата со помалку развиена практика да ја зголемат својата ефикасност во остварување на своите законски надлежности. Посебно на оние кои се однесуваат на постапувањето по претставки од граѓаните и правните лица, во давањето мислења, препораки и совети за покренување судска или друг вид правна постапка пред домашните и меѓународните инстанции, како и во извршувањето на нивната превентивна и едукативна функција во спречување и заштитата од сите видови дискриминација во општеството. Притоа се донесоа следните заклучоци и препораки:

**Заклучоци**

1. Телата за еднаквост користат стратешки судски спорови со цел да го разјаснат Законот и во насока кон правилно спроведување на националното законодавство и меѓународните стандарди.
2. Критериумите за стратешки судски спорови, развиени од Телата за еднаквост, помагаат во изборот на случаите и во заштитата од потенцијална субјективност.
3. Покрај стратешките судски спорови, во борбата против системската дискриминација можат да помогнат и општите мислења (препораки). Понатаму, се охрабрува користењето на нови креативни доказни алатки, како што се тестирање на ситуации и статистика, од страна на Телата за еднаквост во судските случаи за заштита од дискриминација.
4. За да се постигне проширувачки т.н брановиден ефект од успешните судски случаи, Телата за еднаквост често користат алатки за комуникација и градат сојузништво со граѓанското општество, националните институции за човекови права, социјалните партнери и приватниот сектор.

**Препораки / Акциски точки**

1. Поактивно користење на стратешките судски спорови
2. Интензивирање на соработката со повисоките судски инстанци, институциите за обука на судството и инспекторатите
3. Поттикнување на соработката со граѓанските организации и медиумите како еден од начините за справување со недоволното известување

# Придонес во консултациите на Европската комисија за стандардите за телата за еднаквост

## Меѓународно известување и застапување

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати свој придонес кон консултациите на Европската комисија за изготвување на стандарди за телата за еднаквост. Во документот КСЗД пишуваше за важноста за имање силни и ефикасни тела за еднаквост во борбата против дискриминацијата и промоција на принципот на еднаквост, гарантирање на независноста на телата за еднаквост, пристапност на услугите на телата за еднаквост за сите граѓани и влијанието на обврзувачките минимални стандарди за зајакнување на телата за еднаквост и обезбедување на нивна независност и ефикасност.

## Придонес кон 4-иот извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација учествуваше во изработката на **4-иот извештај на Република Северна Македонија во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR)**. Во својот придонес Комисијата информираше за преземените законодавни и други мерки во периодот на известување со цел за спречување и борба против дискриминација врз основ на сексуална ориентација, пол, родов идентитет, попреченост, социо-економски статус, возраст, раса, етничка припадност, религија, ХИВ статус и/или националност. Воедно Комисијата извести и имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација како и сите преземени чекори за обезбедување независно и ефективно функционирање на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**Комисијата извести и за проблемот со сегрегација на децата Роми во образование.** Комитетот беше информиран за утврдената индиректна дискриминација која предизвикува сегрегација на децата Роми во две училишта во градовите Штип и Битола, врз основа на етничка припадност во областа на образованието, произлезена од законските одредби на Законот за основно образование, како и за донесената општа препорака за десегрегација на децата Роми во образованието, со која им се препорачува на надлежните органи на локалната самоуправа да преземат активности за доследно почитување на актите за реонизација во нивните општини што за цел би имало десегрегација на децата Роми.

## Отворени денови на КСЗД на тема еднаквост и недискриминација

Под мотото ПРЕПОЗНАЈ, ПРИЈАВИ, СПРЕЧИ ДИСКРИМИНАЦИЈА, во периодот од 12 септември до 23.09.2022 година во седум градови се одржаа отворени денови на тема ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА. Целта на настаните беше претставување на надлежности на Комисијата пред граѓаните и нивна можност да остварат непосредна комуникација со членови на Комисијата и вработени во стручната служба за прашања од областа на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата. Настаните беа поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и се одржаа во следниот распоред:

- 12.09.2022 во Тетово
- 13.09.2022 во Куманово,
- 19.09.2022 во Битола
- 20.09.2022 во Охрид
- 21.09.2022 во Струмица
- 22.09.2022 во Штип
- 23.09.2022 во Велес

## Соработка со други институции и организации и меѓународна соработка

Меморандуми за соработка

1. Во февруари 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со граѓанската организација **Македонски центар за Меѓународна соработка** кој декларира интерес на двете страни да обезбедат заеднички придонес кон зајакнување на улогата на КСЗД во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво преку спроведување на проектот „Комисија за спречување и заштита од дискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога", финансиран од Европска Унија во период од 1 јануари 2022 до 31

декември 2023. Соработката меѓу КСЗД и МЦМС вклучува размена на податоци, учество на состаноци, работилници, обуки, студиски посети, тркалезни маси, конференции, подготовка на извештаи и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу страните, а ќе произлезат од актуелните проектни потреби. Во рамките на проектот ќе се подготвува и „Барометар за човекови права и антидискриминација".

2. Во март 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и **Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци при ООН (УНХЦР)** потпишаа Меморандум за соработка со кој ќе го зајакнуваат нивното стратешко партнерство. Двете организации ќе продолжат да ги поддржуваат правата на лицата под мандат на УНХЦР во земјата, преку партнерство во заштитата, комуникацијата, доближувањето до заедницата, како и во трансформирањето на наративот за барателите на азил, бегалците, лицата под супсидијарна заштита и лицата под ризик од без државјанство. КСЗД се обврзува да реагира во случаи на дискриминација извршена врз овие лица и ќе се фокусира на унапредување на еднаквиот третман на сите поединци.
3. Во март 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и **Министерството за внатрешни работи** потпишаа Меморандум за соработка чија примарна цел е обезбедување на потребни податоци со кои располага и ги обработува Министерството за внатрешни работи, а во насока на обезбедување заеднички придонес кон зајакнување на улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво. Се креира рамка во која ќе се развива меѓусебното партнерство во повеќе сегменти, пред се во делот на квалитетна и ефикасна размена на информации, податоци, искуства, знаења, едукација и обука, како и остварување на други видови на соработка согласно законски утврдената надлежност на двете институции. Во оперативна смисла, покрај конкретизирање на размената на информации и податоци, со Меморандумот за соработка се предвидуваат низа различни форми на заедничко делување – како заеднички настани, заедничко подготвување на извештајни анализи и други форми на соработка во кои се остава простор и за надворешно експертско ангажирање, се со цел квалитетно функционирање на Комисијата во делот на надлежности каде што е потребна и партиципација на МВР.
4. Во март 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со **Совет на етика на медиуми** кој предвидува заедничко дејствување и соработка во интерес на промоција на еднаквоста и борбата против сите форми на дискриминација. Целта на соработката е подигнување на свеста на граѓаните за штетните последици од дискриминацијата и вознемирувачкиот говор во јавната сфера, но и промовирање на независно, професионално и етичко известување во медиумите, ослободено од дискриминаторски говор и предрасуди, вознемирувачки говор, како и говор кој провоцира или поттикнува дискриминација. Заеднички ќе се иницираат и поттикнуваат едукативни активности, со цел да се подигне знаењето и разбирањето на новинарите и медиумските работници за препознавање на дискриминација и нејзините последици, како и начините на нејзино спречување, но и ќе развиваат облици на поддршка и заштита на новинарите и медиумските претставници кон кои е насочен вознемирувачки говор и дискриминација.
5. Во април 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и **Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико"**, потпишаа Меморандум за соработка. Целта на потпишувањето на овој документ е промовирање, развој и континуирана соработка во однос на еднаквоста, промоција на човековите права и елиминирање на сите видови дискриминација согласно заедничките интереси и цели на двата

субјекта. Со Меморандумот е предвидено следното: КСЗД ќе обезбеди свои претставници на информативните средби организирани во канцелариите на „Ромалитико" ширум земјата, каде што граѓаните од ромската етничка заедница непосредно ќе ги запознае со својата работа и ќе ги информира како да пријават дискриминација. Дополнително, Комисијата и „Ромалитико" ќе разменуваат периодични информации во поглед на предметите поврзани со дискриминација насочена кон ромската етничка заедница.

6. Во април 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и **Правниот факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски"** – Битола, потпишаа Меморандум за соработка. Целта на потпишувањето на овој документ е воспоставување на долгорочна научно-стручна, образовна и апликативна соработка помеѓу договорните страни.
7. Во јуни 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со **Здружение за сексуални и родови малцинства „Субверзивен фронт"** со цел поддршка во напорите за справување со дискриминирачки говор и другите негативни појави во интернет просторот, а во насока на поддршка на активностите за спречување и заштита од дискриминација на граѓаните на Република Северна Македонија.
8. Во јуни 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со **Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи – ИДУЕП**, со цел остварување на заедничките заложби за зајакнување на меѓусебната соработка и поддршка во напорите за справување со дискриминирачкиот говор и другите негативни појави во интернет просторот. Се поставува рамка за меѓусебна соработка за преземање заеднички координирани активности за промоција на заштитата и обезбедувањето на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и слободи на сите граѓани, заедничко застапување во јавноста на темата поврзана со борбата против дискриминирачкиот говор и спроведување на заеднички медиумски активности, кампањи и слично.
9. Во јули 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација склучи Меморандум за соработка со **Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија**. Целта на меморандумот е под покровителство на Претседателот на РСМ Стево Пендаровски, а преку поставување на рамка за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да се преземаат координирани активности заради промоција на заштитата и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите граѓани.

## Јакнење на капацитетите на КСЗД

Во периодот од 27 септември до 6 октомври 2022 г., во Лондон, Англија и Белфаст, Северна Ирска, се одржа студиска посета на членовите и вработените во стручната служба на Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД). Цел на посетата беше да придонесе кон градењето на капацитетите на членовите и службата на КСЗД преку пренесување на експертизата со релевантни претставници од областа на еднаквоста, човековите права и антидискриминација во Обединетото Кралство. За време на посетата КСЗД учествуваше на следните состаноци и презентации:

- Презентација за преглед на работата на Комисијата за човекови права во Шкотска и процесот за инкорпорирање на меѓународните договори за човекови права во законодавството на Шкотска;
- Презентација за меѓународните стандарди и механизми на ОН за спречување на дискриминација;
- Презентација за улогата, структурата и работата на Комисијата за еднаквост

и човекови права (КЕЧП) во Лондон, која е надлежна за Англија, Велс и Шкотска и нема надлежност во Северна Ирска;

- Посета на Парламентарниот комитет за жени и еднаквост и работен состанок со претставник од Комитетот за жени и еднаквост при Парламентот во Обединетото Кралство.
- Посета и работен состанок на Владината канцеларија за еднаквост за политиките и законодавството за еднаквост;
- Презентација за Работата на Фондацијата „Runnymede Trust" во промовирањето на расната еднаквост;
- Презентација за улогата и работата на Комисијата за еднаквост во Северна Ирска
- Презентација од високи функционери на Извршната канцеларија (Владиниот кабинет) на Северна Ирска.
- Презентација за родово буџетирање во Северна Ирска
- Улогата и работата на Народниот правобранител во Северна Ирска

Студиската посета беше организирана во рамки на заедничка соработка помеѓу проектите „Борба против дискриминација преку поддршка на КСЗД" финансиски поддржан од Владата на Обединетото Кралство преку Британската амбасада во Скопје, а имплементиран од страна на Центарот за управување со промени и проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштита улога" финансиски поддржан од страна на Европската унија, а имплементиран од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

# ПРИСУСТВО НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ

Во однос на видливоста во медиумите и јавноста, КСЗД имаше навистина активна година.

Комисијата, во 2022 година, одржа пет прес-конференции.

Во мај, КСЗД одржа прес конференција на која го презентираше извештајот од првиот квартал на годината, каде го изнесе податокот дека во наведениот период, Комисијата постапила по вкупно 95 претставки, од кои 57 се поднесени во првиот квартал од 2022, а останатите се од 2021 година. Во овој извештај беше наведено дека, најзастапена област каде е утврдена дискриминација се медиумите, каде се донесени мислења за 13 случаи.

По повод 8 април, Меѓународниот ден на Ромите КСЗД на прес конференција констатираше дека во нашата држава се` уште постои расна дискриминација, која пред се е насочена кон нашите сограѓани припадници на ромската заедница. Дискриминација кон оваа етничка заедница, КСЗД има увидено преку примери на сегрегација во населените места, сегрегација на децата Роми во основните училишта, непристапност на жените Ромки до здравствената заштита и гинеколошки услуги, непристапност до вода во одредени ромски населби, непристапност до општествени добра и услуги. На оваа прес конференција беа презентирани случаи во кои се исполниле препораките донесени од КСЗД.
Комисијата одржа прес-конференција за ученичката со попреченост од Гостивар на која го образложи донесеното Мислење со кое, се утврдува сегрегација и исклучување од образовниот процес на ученичката со „Даунов синдром", како и директна продолжена дискриминација поради неприспособена училишна инфраструктура. Во овој случај целосно беа испочитувани препораките дадени од КСЗД.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во октомври 2022 г. на прес–конференција ги објави Мислењето и Препораките по однос на претставката поднесена против Здружението „Културен центар Иван Михајлов - Битола", за извршена дискриминација по основ на национална и етничка припадност кон македонскиот народ и припадниците на сите етнички заедници во Република Северна Македонија.

На крајот на ноември, Комисијата пред медиумите го презентираше донесеното мислење во однос на Законот за административни работници во кое утврдува дека предлог-Законот за административните службеници содржи дискриминаторски одредби во член 71 кој што ги уредува платите на административните службеници вработени во министерствата и секретаријатите на различен начин, наспрема вработените административни службеници во институциите на јавниот сектор.

До медиумите, во изминатата 2022 г. испратени се петнаесетина соопштенија со информации поврзани со работата на Комисијата.

Забележани се повеќе од десет гостувања во разни емисии на членовите на КСЗД, писмени одговори на прашања од новинарите и изјави.

Во разни сегменти, Комисијата, во печатените и електронски медиуми е цитирана повеќе од 70 пати, а написи поврзани со конкретни активности на КСЗД се објавени педесетина пати.

На ВЕБ страницата и ФБ профилот на КСЗД има преку сто објавени написи, меѓу кои и одбележување на светски значајни датуми поврзани со човековите права и недискриминација.

# БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

Во 2022 година, Буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кој се води како програма 20, е проектиран со вкупна вредност од 15.320.000,00 денари.

Со цел поефикасно извршување на програмата за работа на Комисијата, на стратешките приоритети и активности предвидени за 2022 година, како и овозможување на непречено функционирање на Стручната служба, во текот на годината, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа: пренамена на ставките 483 - купување на мебел, 425 - договорни услуги, 464 - разни трансфери и 404 - надоместоци.

Со ребалансот на буџетот, изгласан од страна на Собранието, на програмата 20 – Комисија за спречување и заштита од дискриминација, додадени се 4.000.000,00 денари, и тоа на ставките: плати и надоместоци - 2.000.000 денари, стоки и услуги - 1.560.000 и на ставката за капитални расходи - 440.000 денари.

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, во текот на 2022 година:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Буџет | План | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 401 | 9.528.000,00 | 8.918.032 | 8.918.032,00 | 93,60% |
| Придонеси за социјално осигурување | 402 | 3.542.000,00 | 3.464.106,00 | 3.464.106,00 | 97,80% |
| Надоместоци | 404 | 120.000,00 | 99.000,00 | 99.000,00 | 82,50% |
| Патни и дневни расходи | 420 | 750.000,00 | 750.000,00 | 570.828,00 | 76,11% |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.100.667,00 | 1.100.667,00 | 907.483,00 | 82,45% |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 280.000,00 | 280.000,00 | 226.834,00 | 81,01% |
| Поправки и тековно одржување | 424 | 401.414,00 | 401.414,00 | 44.012,00 | 10,96% |
| Договорни услуги | 425 | 640.000,00 | 640.000,00 | 588.977,00 | 92,03% |
| Други тековни расходи | 426 | 550.000,00 | 550.000,00 | 301.038,00 | 54,73% |
| Разни трансфери | 464 | 50.000,00 | 50.000,00 | 35.101,00 | 70,20% |
| Исплати по извршни исправи | 465 | 98.586,00 | 98.586,00 | 0 | 0,00% |
| Купување на опрема и машини | 480 | 1.004.881,00 | 1.004.881,00 | 779.881,00 | 77,61% |
| Купување на мебел | 483 | 72.452,00 | 72.452,00 | 72.452,00 | 100,00% |
| Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 100.000,00 | 100.000,00 | 32.450,00 | 32,45% |
| ВКУПНО | | 18.238.000,00 | 17.529.138,00 | 16.040.194,00 | 87,95% |

# ПРИЛОЗИ

**ПРИЛОГ 1:**
Табеларен преглед на случаите на утврдена дискриминација според областите, видовите и основите на дискриминација

**ПРИЛОГ 2:**
Издвоени случаи од праксата

**ПРИЛОГ 3:**
Завршна сметка

# ПРИЛОГ 1:

## Табеларен преглед на случаите на утврдена дискриминација според областите, видовите и основите на дискриминација

| Област на дискриминација | Вид на дискриминација | Основи на дискриминација | Број на случаи |
|---|---|---|---|
| Јавно информирање и медиуми | Вознемирување | Пол, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група и лично својство и општествен статус | 5 |
| | | Попреченост | 1 |
| | | Родов идентитет и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | | Сексуална ориентација | 1 |
| | | Сексуална ориентација и родов идентитет | 5 |
| | Вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | Национална или етничка припадност | 3 |
| | | Пол, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група и лично својство и општествен статус | 1 |
| | | Сексуална ориентација и родов идентитет | 2 |
| | Вознемирување со облик на продолжена дискриминација | Пол, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група и лично својство и општествен статус | 1 |
| | Повеќекратно вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција на дискриминација | Пол, род, припадност на маргинализирана група, семејна или брачна состојба и сексуална ориентација | 1 |
| | Повеќекратно и продолжено вознемирување и сексуално вознемирување | Род и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | | Сексуална ориентација, родов идентитет и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | Пол, род и сексуална ориентација | 1 |
| | | Сексуална ориентација | 1 |
| | Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување | Национална или етничка припадност и религија или верско уверување | 1 |
| | | Сексуална ориентација | 1 |
| | Повторено и продолжено вознемирување | Пол, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група и лично својство и општествен статус | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Продолжено и повеќекратно вознемирување | Пол, сексуална ориентација, родов идентитет и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | | Пол, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група и лично својство и општествен статус | 1 |
| | Продолжено и повеќекратно вознемирување и поттикнување на вознемирување | Национална или етничка припадност и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | Продолжено и повторено вознемирување | Национална или етничка припадност | 1 |
| | Продолжено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | Пол, род, сексуална ориентација и родов идентитет | 1 |
| | Продолжено, повторено и повеќекратно вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | Сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | Сексуално вознемирување | Пол и род | 1 |
| | Вознемирување | Национална или етничка припадност и политичко уверување | 1 |
| Образование наука и спорт | Вознемирување | Национална или етничка припадност и религија или верско уверување | 1 |
| | Директна дискриминација | Национална или етничка припадност | 1 |
| | Директна повторена и продолжена дискриминација и индиректна дискриминација | Лично својство и општествен статус и возраст | 1 |
| | Индиректна дискриминација со која се предизвикува сегрегација | Национална или етничка припадност | 2 |
| | Сегрегација и исклучување, директна продолжена дискриминација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | Попреченост и здравствена состојба | 1 |
| Пристап до добра и услуги | Директна дискриминација | Национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, социјално потекло и имотен статус | 1 |
| | | Национална или етничка припадност и религија или верско уверување | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група и јазик | 1 |
| | | Раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, социјално потекло и имотен статус | 1 |
| | | Социјално потекло и лично својство и општествен статус | 1 |
| | Директна повеќекратна и продолжена дискриминација | Национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, социјално потекло и имотен статус | 1 |
| | Директна продолжена дискриминација | Попреченост | 1 |
| | | Попреченост и припадност на маргинализирана група | 2 |
| | | Друга основа: место на школување | 1 |
| Работата и работните односи | Вознемирување | Лично својство и општествен статус | 1 |
| | | Пол и лично својство и општествен статус | 1 |
| | | Политичко уверување | 2 |
| | Директна дискриминација | Лично својство и општествен статус | 5 |
| | | Политичко уверување | 1 |
| | | Попреченост | 1 |
| | Директна и продолжена дискриминација, вознемирување на работно место и виктимизација | Политичко уверување | 1 |
| | Директна продолжена дискриминација | Образование | 1 |
| | Продолжено вознемирување | Лично својство и општествен статус | 1 |
| Работата и работните односи и Образование наука и спорт | Директна дискриминација | Национална или етничка припадност и јазик | 1 |
| Социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита | Директна продолжена дискриминација | Пол | |
| | Директна продолжена интерсекциска дискриминација | Раса, национална или етничка припадност, пол, припадност на маргинализирана група и социјално потекло | 1 |
| Членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство и јавно информирање и медиуми | Продолжено и повеќекратно вознемирување, продолжено и повеќекратно повикување, поттикнување и инструкција за вознемирување и индиректна дискриминација | Национална или етничка припадност, друго уверување и лично својство и општествен статус | 1 |
| **ВКУПНО** | | | **70** |

# ПРИЛОГ 2:
Издвоени случаи од праксата

## Студентски/ученички стипендии – индиректна дискриминација по основ на образовен статус и нееднаков пристап до повисоки стипендии во област образование

Министерството за образование и наука во летото 2021 година, објави конкурси за доделување на студентски и средношколски стипендии за учебната односно академска 2021/2022 година, потенцирајќи дека Владата на РСМ одлучила речиси двојно да го зголеми износот на стипендиите за новите корисници.

Пред Комисијата беа поднесени две претставки за заштита од дискриминација од страна на студентка и средношколец, корисници на стипендии, кои правото го оствариле пред академската односно учебната 2021/2022 година и чии договори за стипендирање по автоматизам продолжиле да се исплаќаат на понизок износ, иако условите за стекнување со тоа право биле идентични на двата последни конкурси објавени од МОН.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и во двата случаи утврди индиректна дискриминација врз основа на образовен статус и повреда на правото на еднаков третман при користењето на студентски/ученички стипендии во повисок износ во однос на новите корисници, извршено од страна на МОН, во областа образование.

По утврдената индиректна дискриминација, КСЗД препорача МОН да изготви измени и дополнувања на Програмите за остварување на дејностите студентски/ученички стандард со акциски план и соодветни буџетски импликации, со цел да се изедначат сите стипендии на 6050 односно 3500 денари, соодветно и истите да ги достави до Владата на РСМ, на усвојување, со цел да се отстрани констатираната повреда на правото на еднаквост.

При усвојувањето на Буџетот на РСМ за 2023 година, Собранието изгласа амандман со кои се обезбедија средства за исплата на околу 3000 студентски и околу 1000 средношколски стипендии на повисокиот износ, според препораките на КСЗД.

## Здружение Културен центар Иван Михајлов Битола – вознемирување, поттикнување и индиректна дискриминација по основ на национална и етничка припадност во област здруженија

ОО Сојуз на борците од НОБ и антифашистичката војна на Македонија 1941-45 и граѓаните поддржувачи поднесе претставка за заштита од дискриминација по основ на национална и етничка припадност во областа делување во здруженија и други организации засновани на членство против Здружението Културен центар Иван Михајлов Битола. Во истата, тие наведуваат дека членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на НОБ и антифашистичката војна 1941- 1945, припадници на македонскиот народ и на сите други етнички заедници во македонското општество, чувствуваат вознемиреност и повреда на нивното достоинство и личен интегритет, поради регистрирањето на здружение кое го носи името, како што наведуваат „на еден од најголемите експоненти на фашизмот... и

соработник на Хитлер, Мусолини, Анте Павелиќ и царот Борис Трети... со што се врши промоција и рехабилитација на фашистичката идеологија, милитаризмот и антимакедонските политики..., се промовира историски ревизионизам" и негација на македонскиот национален идентитет.

Постапувајќи по претставката, согласно законските надлежности, Комисијата презеде низа активности со цел да се утврди фактичката состојба. Здружението било регистрирано на 15.03.2019 година пред Централниот регистар во Битола, а во приложената документација Комисијата констатираше дека наместо согласност - како управен акт – за употребата на име на историска личност во називот на здружението, Министерството за правда издало известување дека од причина што не поседува регистар на историски личности, не е во состојба да издаде согласност. Дополнително, Комисијата побара и стручно мислење за името и делото на Михајлов од страна на ЈНУ Институтот за национална историја, со оглед дека во статутот, програмата и на страницата на здружението на социјалната мрежа „Фејсбук" јасно е наведено дека основна задача и цел на здружението е промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот и делото на Иван Михајлов. ИНИ достави стручно мислење во кое наведе дека „именувањето на каков било центар, клуб или здружение на граѓани со името на Иван Михајлов претставува провокација без преседан и навреда за македонскиот народ, поради тоа што пропагирајќи го неговиот лик и дело, всушност се пропагира.... неговата соработка со фашистичката и нацистичката идеологија, како и неговото седумдецениско негирање на македонскиот народ".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во овој случај утврди продолжено и повеќекратно вознемирување како потежок вид на дискриминација врз основ на национална и етничка припадност, извршено од страна на Здружението Културен центар Иван Михајлов кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борци од НОБ, кон македонскиот народ и припадниците на сите етнички заедници во македонското општество. Дополнително, Комисијата утврди и продолжено и повеќекратно повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација како потежок вид дискриминација врз основ на национална и етничка припадност, извршена од Здружението Културен центар преку објавување на вознемирувачки содржини кои го промовираат ликот и идеологијата на Иван Михајлов преку нивната страница на социјалната мрежа „Фејсбук".

Комисијата утврди и индиректна дискриминација извршена од страна на Министерството за правда, поради пропуштање на извршување на своите законски надлежности со кои му овозможиле на Здружението Културен центар да ги изврши гореспоменатите вознемирувачки дејствија, во смисла на овозможување на злоупотреба на слободата на здружување и собирање што резултирало со нотираните видови дискриминација.

По утврдените видови дискриминација, Комисијата му препорача на Здружението Културен центар Иван Михајлов да ги отстрани сите спорни елементи во името, статутот и програмата за работа кои предизвикуваат вознемирување во рок од 45 дена како и да ги отстранат сите спорни вознемирувачки содржини од нивната страница на „Фејсбук" во најкраток можен рок, но не подол од 30 дена.
Комисијата им препорача на Министерството за правда, согласно членот 58 да изврши надзор на законитоста на примената на Законот за здруженија и фондации, особено во делот на актите на Здружението во врска со членот 4 од ЗЗФ, земајќи го во предвид членот 20 од Уставот на РСМ во рок од 45 дена.

По добивањето на писмените известувања од страна на Здружението и Министерството за правда дека не ги спровеле препораките на КСЗД, согласно законските надлежности, Комисијата поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци против претседателот на Здружението и против министерот за правда.

## Е. од Гостивар – сегрегација и исклучување, директна продолжена дискриминација по основ на попреченост и посебни образовни потреби и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во областа инклузивно образование

По добиени информации преку медиуми кои содржеа индиции за можна сегрегација на ученичка со посебни образовни потреби во едно основно училиште во Гостивар, Комисијата донесе одлука да покрене постапка за заштита од дискриминација по службена должност. Имено, информациите говореа дека по потпишана Петиција од страна на родителите на соучениците на ученичката, таа заедно со својата образовна асистентка биле префрлени во несоодветна просторија, без соодветно греење да ја изведуваат наставата, спротивно на принципите на Конвенцијата за инклузивно образование.

Постапувајќи по предметот, Комисијата оствари средба со градоначалникот и претставници на општинската власт, како основачи на училиштето кои организираа заедничка средба со родителите-потписници на петицијата како и со сите стручни претставници на училиштето, вклучени во училишниот инклузивен тим. Дополнително, КСЗД изврши и непосредни и директни средби со Регионалниот ресурсен центар „Др.Златан Сремац“ Скопје како и со претставници на Регионалното стручно тело за проценка на функционална попреченост и здравје – Скопје, од каде добија дополнителни сознанија и документи поврзани со случајот. Комисијата изврши и непосреден увид во училишната просторија каде ученичката била дислоцирана да ја следи наставата о својата лична образовна асистентка, а на увид ги доби и неделните извештаи од асистентката кои ги испраќала до Ресурсниот центар за текот на образовниот процес на ученичката.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди сегрегација и исклучување врз основа на попреченост извршена од страна на основното училиште, сторена со неоправдано и нелегитимно физичко одделување на дискриминираната ученичка од останатите соученици без попреченост, што резултирало со исклучување, односно со оневозможување на нејзиното право на пристап до инклузивен образовен процес. Комисијата утврди и директна продолжена дискриминација од страна на училиштето, извршена со неприспособување на училишната инфраструктура во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорна просторија опремена со соодветна асистивна технологија, што резултирало со оневозможување на пристап до образование врз еднаква основа со другите по основ на попреченост и посебни образовни потреби на ученичката.

Дополнително, Комисијата утврди и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на попреченост и здравствена состојба извршена од страна на единаесет родителки на соучениците на ученичката извршена со потпишување на петиција за отстранување на ученичката од редовна настава и вршење бојкот на наставата со непуштање на своите деца до остварување на нивните барања, што резултирало со сегрегација врз основа на попреченост и посебни образовни потреби.

За отстранување на сите гореспоменати утврдени повреди на правото на еднаквост, Комисијата му препорача на основното училиште да обезбеди услови за непречено одвивање на образовниот процес на ученичката во иста паралелка со своите соученици, и да спречи каква било форма на исклучување и сегрегација на ученичката од воспитно-образовниот процес. Исто така, Комисијата го задолжи училиштето, односно училишниот и индивидуалниот инклузивен тим на

ученичката, со поддршка на Регионалниот ресурсен центар да обезбедат ефикасна модифицирана наставна програма за ученичката со посебни образовни потреби. Дополнително, училиштето беше задолжено да изработи акциски план, одобрен од Ресурсниот центар во кој детално ќе бидат прецизирани мерките, активностите и роковите во кои е се обезбеди соодветна ресурсно-сензорна просторија опремена со асистивна технологија приспособена на посебните потреби на ученичката.
Комисијата препорача училиштето да побара од Ресурсниот центар да одржи задолжителна обука на наставниците и стручните соработници кои се директно вклучени во воспитно-образовната работа на ученичката за инклузивните принципи и начинот на користење на обезбедената асистивна технологија за нејзините специфични образовни потреби.

На крај, Комисијата препорача директорот на училиштето, во согласност со законските надлежности и во соработка со училишниот инклузивен тим да организира состанок со родителките-потписници на петицијата за отстранување на ученичката од редовниот наставен процес, на кој ќе им ги предочат принципите и задолжителната примена на Концепцијата за инклузивно образование и законската забрана да вршат повикување, поттикнување и давање инструкции за дискриминација, со задолжително присуство на секоја родителка, со напомена дека сите такви дејствија подлежат на прекршочна одговорност, според законот.
Во предвидените рокови, Комисијата беше писмено известена дека сите препораки беа соодветно исполнети.

## Т.Д. – директна продолжена дискриминација, вознемирување и виктимизација по основ на политичко уверување во област работа и работни односи

Подносителката на претставката како вработена во администрацијата во една поголема општина, наведе дека по завршувањето на локалните избори во 2021 година, добила наредба веднаш да го напушти работното место и да ги извршува работните задачи во општински простории оддалечени на околу еден километар од општинската зграда. Кога побарала одговор од градоначалникот зошто единствено таа од сите колеги добила таква наредба, тој отворено ѝ кажал дека имал притисок од неговата партија, затоа што нејзиниот сопруг работел за друга политичка опција за време на кампањата., по што таа отворено му соопштила дека одбива да ја спроведе наредбата, затоа што во новите простории не постоеле услови да ги извршува работните задачи. Подносителката почувствувала вознемиреност и се јавила на лекар-специјалист кој издал лекарско мислење дека покажувала психосоматски реакции како резултат на случувањата на работното место и препишал соодветна терапија. По овие наводи, Комисијата побара од градоначалникот да се произнесе по наводите од претставката, со префрлање на товарот на докажување на негова страна околу наводите за дискриминација по однос на политичко уверување.

Со оглед дека при изјаснувањето градоначалникот не понуди никакви контраргументи на тврдењата на подносителката дека се работи за политички мотивирана дискриминација, Комисијата изврши неколку непосредни увиди на лице место во општината за да ја утврди фактичката ситуација, при што собра и документираше низа докази, по што донесе Мислење со кое утврди директна и продолжена дискриминација врз основ на политичко уверување извршено од страна на градоначалникот, во областа работа и работни односи.

Дополнително, Комисијата утврди и вознемирување на работно место врз основ на политичко уверување од страна на градоначалникот кон подносителката,

како и виктимизација како форма на дискриминација што претставува трпење на штетни последици на лице кое преземало дејствија за заштита од дискриминација, извршено кон подносителката од страна на секретарот на општината, кога ја казнил со парична казна за дисциплинска неуредност што се случила пред повеќе години и согласно закон, делото застарело.

По утврдената дискриминација, Комисијата препорача градоначалникот да донесе управен акт со кој ќе ја поништи наредбата за дислокација на подносителката во нови простории, како и да ѝ обезбеди работа и работни задачи во согласност со решението за распоредување на работно место на подносителката. Исто така, Комисијата му препорача на градоначалникот да ѝ потпише Овластување за да може да ги извршува своите специфични работни задачи кои се во опис и попис во актот за систематизација како и да прекине со вознемирувањето кон подносителката и кое резултирало со повреда на нејзиното лично достоинство и предизвикало чувство на закана по нејзиното работно место, а ја вршел врз основа на нејзиното политичко уверување.

Дополнително, Комисијата издаде и препорака до секретарот на општината да издаде управен акт со кој ќе ја поништи одлуката за изрекување на дисциплинска мерка против подносителката за веќе застарено дело, затоа што истото претставува виктимизација како посебен облик на дискриминација.
За овој случај, во тек е поведување на прекршочна постапка кон сторителите на дискриминацијата пред надлежен суд за прекршоци.

## Директна продолжена дискриминација по основ на попреченост и припадност на маргинализирана група во областа пристап до добра и услуги

Комисијата за спречување и дискриминација поведе постапка за заштита од дискриминација по службена должност откако медиумите соопштија дека на лице со физичка попреченост во инвалидска количка кое користи асистивна помош од тренирано куче-придружник, во неколку наврати не му било дозволено да користи јавен превоз, со образложение дека кучето не носело заштитна маска.

Комисијата презеде низа активности и направи непосредни увиди во просториите на ЈСП „Скопје" при што утврди дека во овој случај постои директна продолжена дискриминација по основ на попреченост и припадност на маргинализирана група во областа пристап до добра и услуги, извршена од страна на ЈСП „Скопје" од Скопје и им препорача на раководните органи да изготват предлог-Одлука со која на лицата со различни видови попреченост ќе им се дозволи да ги користат услугите на ова јавно претпријатие придружувани од нивните кучиња кои се обучени за давање асистивна поддршка на овие лица и истата јавно да ја објават на нивната веб-страница со цел јавноста и сите вработени во установата да бидат информирани дека правото на пристап до добра и услуги на лицата со попреченост кои користат разни форми на асистивна помош треба да се остварува на еднаква основа со другите лица. Комисијата препорача и ЈСП „Скопје" Скопје да изготви соодветни и лесно препознатливи етикети за маркирање на автобусите и другите возила кои ќе упатуваат дека е дозволен превоз на лица со попреченост во придружба на кучиња за асистивна поддршка, без обврска да носат заштитни маски.

Во законски зададениот рок, Комисијата констатираше дека ЈСП „Скопје" во целост ги исполни препораките со што беше отстранета повредата на правото на еднаков пристап до добра и услуги на лицата со попреченост.

## Утврдено вознемирување врз лицата со попреченост од страна на директорот на Центарот за управување со кризи

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, постапувајќи по службена должност, утврди вознемирување врз основа на попреченост кон лицата со попреченост, сторено од директорот на Центарот за управување со кризи, Стојанче Ангелов, во областа на медиумите и јавното информирање.

По реакција на повеќе здруженија на граѓани за дадена вознемирувачка изјава кон лицата со попреченост во емисијата „Заспиј ако можеш" на ТВ Алфа од страна на Ангелов, Комисијата поведе постапка по службена должност. Во споменатата емисија, Ангелов на прашањето на водителот на емисијата дали ќе се нафати на дебата со лицето Благојчо Георгиев (лице кое користи инвалидска количка), меѓу другото Ангелов одговара: *„Јас како еве да речам да излезам со него на дебата? Утре на некој друг ќе му текне. Задутре на некој трет.* ***Прво ќе се чувствувам валкано со човек во инвалидска количка да дебатирам."***

Имајќи предвид дека посочената изјава е дадена од именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, кое врши должност директор на Центарот за управување со кризи, на телевизија која се емитува на целата територија на Република Северна Македонија, со истата е опфатен поголем број на лица, а емисијата се уште е достапна и може во континуитет да предизвика продолжено вознемирување врз основа на попреченост кај лицата со попреченост, Комисијата, одлучи по службена должност да поведе постапка за заштита од дискриминација против Стојанче Ангелов за потенцијално сторено вознемирување врз основа на попреченост врз лицата со попреченост во област на медиуми.

По спроведената постапка Комисијата утврди вознемирување од страна на Ангелов кон лицата со попреченост врз основа на попреченост во областа на медиуми и јавно известување.

Праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдува дека слободата на говорот завршува онаму каде почнуваат да се повредуваат правата на другите. Имено, во случајот Seurot v Frnace, ЕСЧП ***утврдува дека без сомнеж секоја акција насочена против основните вредности на Европската конвенција за човекови права ќе биде отстранета од заштита на чл. 10 од Конвенцијата (слобода на изразување) и ќе биде подведена под чл. 17 од Конвенцијата (забрана за злоупотреба на права).***

Во случајот Erbakan v Turkey ЕСЧП утврдува дека толеранцијата и почитувањето на еднаквото достоинство на сите луѓе ги сочинуваат темелите на едно демократско, плуралистичко општество. Имајќи го тоа предвид, начелно може да се смета дека е **неопходно во одредени демократски општества да се санкционираат или дури да се спречат сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат нетолеранција или омраза.**

Членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чиј потписник е и Република Северна Македонија го гарантира правото на мислење и слобода на изразување на истото без никакво мешање. Но, став 3 од овој член пропишува дека ***уживањето на ова право е со посебни обврски и задолженија, па заради тоа може да биде ограничено со закон, кога е тоа неопходно за почитување на правата на другите.***

Членот 6 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, чија потписничка е и Република Северна Македонија, пропишува дека ***земјите учеснички забрануваат секаква дискриминација врз основа на попреченост и им гарантираат на лицата со попреченост еднаква и ефикасна законска заштита од дискриминација на секаква***

***основа.*** Членот 8 од истата Конвенција меѓу другото пропишува обврска за земјите потписнички ***да донесат непосредни, ефикасни и соодветни мерки за спречување на стереотипите, предрасудите и штетни пракси во однос на лицата со попреченост, како и поттикнување на сите медиуми, да ги прикажуваат лицата со попреченост на начин доследен на целите на оваа Конвенција.***

Членот 21 од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија пропишува дека секоја дискриминација врз основа на која било основа како што се пол, раса, боја, етничко или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религија или верување, политичко или кое било друго мислење, членство на национално малцинство, имот, раѓање, попреченост, возраст или сексуална ориентација ќе биде забрането.

Комисијата во носењето на мислењето го ценеше и фактот дека Ангелов од страна на Владата на Република Северна Македонија е назначен за директор на самостоен орган на државна управа – Центар за управување со кризи, односно врши јавна функција, па како таков има уште поголема одговорност во своите јавни настапи да се воздржи од ширење на вознемирувачки и дискриминаторски говор врз било која основа.

Во донесеното мислење Комисијата препорача Ангелов да упати јавно извинување до лицата со попреченост за дадената изјава, најдоцна 30 дена од денот на приемот на мислењето и за тоа да ја извести Комисијата, а јавното извинување, Ангелов да го достави до ТВ Алфа. Исто така, на Стојанче Ангелов му се препорачува во иднина, на своите јавни настапи, да се воздржи од давање вознемирувачки изјави кои повикуваат, поттикнуваат и инсинуираат дискриминација врз било која основа.
По приемот на донесеното мислење, Ангелов ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, дека во дадениот рок постапил по препораката и до ТВ Алфа доставил јавно извинување до лицата со попреченост.

## Канцелариите за контакт на граѓаните со пратениците во Општина Карпош непристапни за лица со попреченост

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, постапувајќи по службена должност, утврди директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост во областа на пристапот до добра и услуги од страна на Општина Карпош кон лицата со физичка попреченост – жители на Општина Карпош.

По известување од веб порталот portalb.mk, Комисијата доби известување дека две канцеларии за контакт на граѓаните со пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во Општина Карпош се поставени на надвозникот „Влајко“, каде лифтовите и електричните скали не се во функција, со што е оневозможен пристапот за лицата со попреченост.

Имајќи предвид дека од известувањето основано произлегува дека од страна на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правните лица со јавни овластувања е извршена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи, како и фактот дека во конкретниот случај се опфатени поголем број лица, Комисијата одлучи да поведе постапка по службена должност против Општина Карпош за потенцијална дискриминација врз основа на попреченост во пристап до добра и услуги.

По спроведената постапка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

утврди дека со пропуштањето да се приспособат канцелариите за контакт на граѓаните со пратениците била извршена директна продолжена дискриминација кон лицата со физичка попреченост од страна на Општина Карпош.

Имено, согласно Уставот на Република Северна Македонија, сите граѓани еднакво ги уживаат своите слободи и права.

Република Северна Македонија во 2011 година ја има ратификувано **Меѓународната конвенцијата за правата на лицата со попреченост,** чија цел се унапредувањето, заштитата и обезбедувањето на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост, а која Конвенција согласно членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија е дел од внатрешниот правен поредок.

Во таа насока, во **членот 2 од Конвенцијата, соодветното приспособување** се дефинира како „неопходна и соодветна модификација и регулирање, не наметнувајќи непропорционален или несоодветен товар, доколку е потребно во одреден случај, за да им се обезбеди на лицата со попреченост да ги уживаат или остваруваат сите човекови права и основни слободи на еднаква основа со другите". Со ова, државите договорни страни се задолжуваат да ги преземат сите соодветни чекори за осигурување на обезбедување на соодветното прилагодување.

Дополнително, во **членот 9 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост,** се воспоставува обврска на државата да преземе соодветни мерки, со цел да им се овозможи на лицата со попреченост лица да живеат независно и во целост да учествуваат во сите аспекти на животот. Во тој контекст треба да се обезбеди пристап, врз еднаква основа со другите до физичка средина, транспорт, информации и комуникации, вклучувајќи и до информатичките и комуникациските технологии и системи, како и до други капацитети и услуги отворени или обезбедени за јавноста, во урбаните и во руралните области.

**Членот 29 од Конвенцијата,** пак, предвидува право лицата со попреченост да учествуваат во политичкиот и јавниот живот на еднаква основа со другите.

Во овој контекст, соодветното приспособување е дефинирано и во член 4, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:
**„Соодветно приспособување** е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација."

**Во член 4, став 5 Законот** ја дефинира пристапноста до инфраструктурата, добрата и услугите:
„Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација."

Следствено на тоа Комисијата утврди директна продолжена дискриминација и ѝ препорача на Општина Карпош во рок од 30 дена од добивањето на мислењето

да изготви акциски план со спецификација на конкретни активности, временски рокови и финансиски импликации за обезбедување соодветно приспособување кое ќе овозможи пристапност на лицата со попреченост до канцелариите за контакт на граѓаните со придружниците и за тоа да ја извести Комисијата. На Општината воедно и беше препорачано во рок од 180 дена од приемот на мислењето да ги заврши сите неопходни мерки и активности за обезбедување соодветно приспособување кое ќе овозможи пристапност на лицата со попреченост до канцелариите за контакт на граѓаните со придружниците и за тоа да ја извести Комисијата.

## Сегрегација на децата од ромска етничка припадност во основното образование

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапуваше во два предмети поврзани со сегрегација како облик на дискриминација насочена кон деца од ромска етничка припадност во основно образование. Во двата предмети Комисијата утврди Индиректна дискриминација со која се предизвикува сегрегација врз основа на етничка припадност во областа на образованието произлезена од законските одредби од Законот за основно образование[3]. Имено, Комисијата утврди дека Законот за основно образование, согласно член 63, овозможува родителите да ги запишуваат своите деца во но и надвор од реонот каде што живеат. Ваквото законско решение креира состојба во која родителите од причина што не сакаат нивните деца да учат во училиште во кое поголем дел од децата се од ромска етничка припадност, им два можност да ги запишуваат своите деца во училишта со ученици од македонска етничка припадност а се надвор од реонот каде што овие родители живеат. Двата случаи се регистрирани во две основни училишта во градовите Штип и Битола. Дополнително, Судот за човекови права во Стразбур, на 13ти декември 2022 година во пресудата Елмазова и други против Северна Македонија[4], утврди дека постои сегрегација во рамките на горенаведените примери при поднесување на тужби од страна на родители чии деца учат во училишта во Штип и Битола. Во пресудата, Судот ги цитира аргументите и фактите содржани во мислењата донесени од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Од дефиницијата и општествениот проблем опишан погоре, се потврдува дека родителите немаат легитимна и објективно оправдана цел да ги запишуваат своите деца надвор од реоните каде што живеат. Етничкиот состав на деца во различни училишта ширум земјата укажува на фактот дека не станува збор за индивидуални случаи кај родителите туку свесно одделување на своите деца од деца кои се од ромска етничка припадност (со бројот на запишани деца во прво и тоа што сите се Роми, потврди го ова). Ваквиот контекст може да остави далекусежни последици не само врз децата од ромска етничка припадност туку и од не-ромска бидејќи немањето можност и прилика деца со различни културни и етнички позадини да се интегрираат и да учат еден за друг, во иднина може да доведе и до нетрпеливост и дискриминација од страна на „посилната односно побројната" група.

[3] Службен весник на Р. Северна Македонија бр. 161/2019 од 05.08.2019; 229/2020 од 23.09.2020
[4] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"itemid":["001-221503"]}

# ПРИЛОГ 3:
Завршна сметка

Период    Контролор

| 1 2 3 | 4 5 6 7 8 9 10 11 | 12–26 |
|---|---|---|
| | 7 4 8 3 7 8 3 | 0 2 0 1 1 6 2 9 4 4 6 3 7 1 6 |
| Вид.раб | Идентификационен број | Резервни кодекси |

Назив на субјектот - Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Адреса, седиште и телефон - Даме Груев бр.1 Скопје

Единствен даночен број - 4080021595665

